НОВИ ГЛОБАЛНИ БЕЗБЕДНОСНИ ЗАКАНИ:

КОНЦЕПТИ, АКТЕРИ И ИДНИ ПЕРСПЕКТИВИ

Проф. д-р Тања МИЛОШЕВСКА

Проф. д-р Тања МИЛОШЕВСКА

НОВИ ГЛОБАЛНИ БЕЗБЕДНОСНИ ЗАКАНИ: КОНЦЕПТИ, АКТЕРИ И ИДНИ ПЕРСПЕКТИВИ

Скопје, 2025

Проф. д-р Тања МИЛОШЕВСКА

НОВИ ГЛОБАЛНИ БЕЗБЕДНОСНИ ЗАКАНИ: КОНЦЕПТИ, АКТЕРИ И ИДНИ ПЕРСПЕКТИВИ

Рецензенти

Проф. д-р Оливер Бакрески
Институт за безбедност, одбрана и мир, Филозофски факултет – Скопје
Проф. д-р Рина Киркова Танеска
Институт за безбедност, одбрана и мир, Филозофски факултет – Скопје

Издавач
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"–Скопје, Филозофски факултет – Скопје

Уредник
Проф. д-р Оливер Бакрески

Техничка обработка
Трајче Милошевски

Лектор
Мартина Жужеловска

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

355.02:005.334]:343.341(100)"20"
343.9:004.8(100)"20"

МИЛОШЕВСКА, Тања
Нови глобални безбедносни закани [Електронски извор] : концепти, актери и идни перспективи / Тања Милошевска. - Скопје : Универзитет "Св. Кирил и Методиј"–Скопје, Филозофски факултет, 2025

Начин на пристапување (URL):
https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/34410 - Текст во PDF формат, содржи 132 стр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 09.12.2025. - Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 116-132

ISBN 978-608-238-261-6

а) Безбедносни закани, глобални -- Тероризам -- 21 в. б) Сајберкриминал -- Вештачка интелигенција -- 21 в.

COBISS.MK-ID 67633413

СОДРЖИНА

ВОВЕД

Современата безбедносна средина се карактеризира со сложеност, динамичност и постојана трансформација на формите и методите на закани. Во ерата на глобализацијата, дигитализацијата и брзиот технолошки развој, традиционалните безбедносни концепти се соочуваат со сериозни предизвици што бараат нови пристапи и интегрирани решенија.

Монографијата **„Нови глобални безбедносни закани: концепти, актери и идни перспективи“** има за цел да ги истражи токму овие процеси, преку анализа на современите феномени што го обликуваат безбедносниот пејзаж на 21 век.

Современиот свет се соочува со комплексна и динамична безбедносна реалност во која границите меѓу традиционалните и новите форми на закани се сè повеќе заматени. Глобализацијата, дигиталната трансформација и брзиот технолошки развој создадоа нови можности за напредок, но истовремено и нови ризици што го менуваат карактерот на безбедноста на национално, регионално и меѓународно ниво.

Во таков контекст, концептот на глобална безбедност престана да се сведува само на класичните воени и политички прашања, и денес опфаќа поширок спектар на феномени – од радикализација и насилен екстремизам, преку организиран криминал и кибернапади, до злоупотреба на напредни технологии и нови хибридни облици на закани. Овие процеси го наметнуваат прашањето за способноста на државите, општествата и поединците да се приспособуваат, да предвидуваат и да изградат отпорност кон ризиците што произлегуваат од глобалната меѓузависност.

Безбедноста денес не може да се гледа како статичен концепт, туку како динамичен систем на односи меѓу различни актери – државни институции, меѓународни организации, приватен сектор и граѓанско општество. Сите тие имаат улога во создавањето и одржувањето безбедна и стабилна средина. Притоа, предизвикот не е само да се реагира на заканите, туку да се развие превентивна безбедносна култура, базирана на знаење, доверба и интегриран пристап кон ризикот.

Покрај физичките и територијалните димензии, безбедноста во 21 век има и силна когнитивна, информациска и морална компонента. Манипулацијата со информации, дезинформациските кампањи и злоупотребата на технологијата станаа ефикасни инструменти за дестабилизација и влијание врз јавното мислење, што дополнително ја комплицира глобалната безбедносна слика.

Во вакви околности, се поставува потребата за критичко преиспитување на постојните модели на национална и меѓународна безбедност, како и развивање нови концепти на отпорност, соработка и превенција. Анализата на глобалните безбедносни предизвици денес не е само академска обврска, туку и општествена потреба – бидејќи разбирањето на заканите претставува првиот чекор кон нивно ефективно спротивставување.

Оваа монографија има за цел да придонесе кон продлабочување на научната и стручната дебата за природата, динамиката и идните перспективи на новите глобални безбедносни закани, поттикнувајќи развој на политики и практики што ќе обезбедат стабилност, одржливост и заштита на демократските вредности во еден постојано менлив глобален контекст.

ГЛАВА I

КОНЦЕПТУАЛНА РАМКА ЗА РАДИКАЛИЗАМ И НАСИЛЕН ЕКСТРЕМИЗАМ

Во текот на изминатата деценија, радикализацијата се појави како можна најупорна концептуална рамка за разбирање на модификациите на насилство на микрониво. За насилниот екстремизам и тероризам може да се тврди дека се во функција на општеството – колку што е реалност на екстремистички групи или поединци што се впуштаат во насилство поради идеолошки мотивации. Радикализација преку еволуирање или прифаќање екстремистички верувања што го оправдуваат насилството е еден од можните патишта за вмешаност во тероризмот, но секако не е единствениот. Информираните политики и практики за ублажување и спречување на ширењето на насилниот екстремизам бараат разбирање на овие видови варијации, а не само за општите трендови. Анализата на наративите што ги користат сегашните радикални и насилни екстремистички групи покажува дека социоекономските, политичките и личните незадоволства ефективно се користат за да се поколеба јавното мислење, да се дисеминираат пораки, да се добијат нови регрути и да се поттикнат симпатии. Овие наративи генерално се споени со карактеристични термини вградени во прашања за политичка нестабилност, социоекономска стагнација, граѓански судири и, во некои случаи, војна. Целта на оваа Глава е јасно да се разбере односот помеѓу овие поими, за да може превенцијата од насилство и/или закана од насилство да биде поуспешна.

Радикализацијата кон насилен екстремизам е сложен и повеќеслоен процес што се одвива на различни нивоа (индивидуално, организациско и системско).

Клучен момент во процесот на радикализација е „катализатор настан“ кога личноста станува приемчива за можноста за нови идеи и радикални погледи на светот.

Терористите и радикализираните групи личат на санта мраз. Само мало малцинство радикали користат стратегиско насилство за да привлечат медиумско внимание. Мнозинството екстремисти не се видливи и користат ненасилни методи, кои се поефикасни во остварувањето на нивните наведени цели. Под нивото на „водата“ има база за поддршка што повремено се согласува со дејствата на најпосветените милитанти и уште поголемо „тивко малцинство“ со аверзија кон таргетирање неборци.

Контратероризмот мора да го таргетира видливиот дел од сантата мраз, додека контрарадикализацијата треба да се насочи кон подводниот дел од сантата мраз, кој е многу поголем, а не обратно (Muro, 2016).

Терминологија

(Насилен) Екстремизам

Која било идеологија што се спротивставува на темелните вредности и начела на друштвото. Многумина го разликуваат политичкиот од верскиот екстремизам. Додека насилниот екстремизам може да се поврзе со која било политичка или верска идеологија, поимот обично се изедначува со верскоинспирирано, и особено со насилство што е со недржавна исламистичка основа. На некој начин, ова истражување паѓа во истата замка, бидејќи посебно се фокусира на шаблоните преку кои одредени поединци се радикализираат преку прифаќање на исламските идеологии инспирирани од салафисти/ вахабисти и се приклучуваат на џихадските организации како странски борци во Ирак и Сирија. Меѓутоа, низ целиот процес на истражување експлицитно ги препознавме, и се обидовме да ги откриеме, заедничките интеракции меѓу исламистичкиот насилен екстремизам и другите форми на политички (на пр., екстремно десничарски, националистички) екстремизам, кои придонесуваат кон нивната заемна радикализација (Aroua, 2018).

Иако екстремистите не е неопходно да учествуваат во насилства, фразата насилен екстремизам се користи во контексти кога екстремистичките гледишта се придружени со оправдување и употреба на екстремно насилство (како злосторства) против оние што не го делат истото убедување или идеологија. Насилниот екстремизам може да се изрази од поединци или групи, преку говори или медиумски известувања, преку извршување изолирани дејства на насилство во име на екстремистички идеологии или физичко приклучување кон насилни групи (Aroua, 2018).

Радикализација

Процес на идеолошка и/или бихевиорална промена во пораст што води кон залагање за поекстремни и потенцијално насилни светогледи и дејства.

Поимот „радикализација“ се однесува на процесот во кој едно лице сè повеќе се залага и поддржува екстремистички идеи. Радикализацијата, вообичаено, не резултира само од едно влијание, туку резултира од сложена мешавина на фактори и динамики. Се работи за концепт што е различно толкуван. Во некои случаи, терминот се користи на начин на кој се сугерира имплицитна врска помеѓу радикални идеи и насилство. Ова е проблематично не само од причина што не сите што имаат радикални (или екстремистички) идеи нема да се впуштат или поддржат насилно дејство, туку и поради фактот што тие имаат право да имаат сопствени идеи – без оглед на нивната природа, а тоа е заштитено во меѓународното право како основно човеково право (OSCE, 2019).

Кумулативно/реципрочна радикализација

Поимите „кумулативен“ екстремизам и „реципрочна“ радикализација ја изразуваат забелешката дека сегашната политичка поларизација не се случува во вакуум, но сè почесто е одговор на постапките и дискурсот на друга група, на пример десничарските националистички групи. Ова е од големо значење во јавна расправа што е сè уште склона да ги смета радикализмот и екстремизмот како вродени карактеристики на одредена религија (често исламот).

Отпорност (Непогоденост)

Отпорноста подразбира свесност за проблемот од разни засегнати страни во една заедница и нивно здружено дејствување против одредена појава. Исто така, ги вклучува ставот на заедницата кон таква појава и нивната реакција во пресрет на појавување на дејство на насилен екстремизам или настани перципирани како такви што водат кон неговото појавување. Никогаш не е апсолутно својство, туку системска и променлива карактеристика.

Ранливост (Погоденост)

Погодена заедница е онаа врз која влијаеле идеолошките и/или физичките форми на насилен екстремизам, како што се: продорна радикална идеологија, идеолошки мотивирани насилни дејства, зачестеност/случаи на странски борци што потекнуваат од заедницата и присуство на чинители што ја негуваат ранливоста кон насилен екстремизам (Morina at all, 2019).

Како што е истакнато од Холмер и Бауман (2018), „групите на насилен екстремизам често ги приврзуваат своите агенди кон динамиката на постојан конфликт и бараат прибежиште и можност во средини што се лошо управувани и склони кон конфликти. Разбирањето на главните причини и динамиката што им овозможува на таквите групи да процветаат бара објектив на анализа на конфликти релевантни алатки за анализа на конфликти.

Алатките од макониво што ги испитуваат насилните екстремистички организации, без да ги земат предвид нивните односи со друга конфликтна динамика, ризикуваат да поддржат тесно замислени интервенции за справување/превенирање на насилен екстремизам што немаат влијание и одржливост.“

ОБСЕ има посебна и интенционална терминологија за овие концепти: насилен екстремизам и радикализација што водат кон тероризам. „Радикализација што води кон тероризам“ се однесува на „динамичниот процес во кој едно лице на крајот прифаќа терористичко насилство како можно, па дури и легитимен курс на дејствување. Иако не мора да значи, ова можеби на крајот ќе го наведе лицето да се заземе за терористички активности, да дејствува во нивна поддршка или да се вклучи во нивно извршување“ (OSCE, 2018).

Постојат многу дефиниции за радикализација, но овој труд е конкретно заинтересиран за процесот со кој поединците се „радикализираат до насилство“.

И тоа не на секаков вид насилство, туку на специфичен тип на политичко насилство, имено, нелегитимно насилство насочено против цивили и неборци, познато и како тероризам. Како што тврди Шмид, она што генерално се подразбира под радикализација е „индивидуалниот или групниот процес на растечка посветеност за вклучување во акти на политички тероризам“ (Schmid, 2013). Конечно, работната дефиниција за „насилна радикализација“ е дадена од Експертската група за насилна радикализација на Европската комисија што ја дефинира како „социјализација кон екстремизам што се манифестира во тероризам“ (Expert Group, 2008).

Додека насилната радикализација постепено се префрли на врвот на антитерористичката агенда на ЕУ, таа беше придружена со релативно ембрионално разбирање на процесите и меѓусебното влијание на факторите што придонесуваат за усвојување радикални идеи и однесување. Терминот „радикализација“ беше внесен во дискусијата за политиката по координираните самоубиствени бомбашки напади во Мадрид (2004) и Лондон (2005), кои беа насочени кон цивилите што го користеа јавниот транспортен систем и резултираа со 191 и 52 жртви соодветно. Неколку од напаѓачите во двата инциденти беа домашни терористи што или биле родени или социјализирани во земјата и усвоиле нов идентитет во кој борбите на нивните муслимански татковини одиграле моќна улога во поттикнувањето гнев против Западот. За властите, наскоро стана приоритет да имаат појасна слика за тоа како младите мажи од муслиманско имигрантско потекло се радикализирале на Запад и биле зафатени од заводливата култура на одметник на насилен џихад (Muro, 2016).

Радикализацијата како процес

Единственото нешто за што експертите за радикализација се согласуваат е дека радикализацијата е процес (Schmid, 2013). Како што е наведено на сликата, основното разбирање на овој когнитивен процес ќе повлече постепено усвојување екстремистички идеи и ќе заврши, доколку се заврши, во практиката на насилен екстремизам или тероризам.



Слика: Радикализацијата како процес

Сликата покажува дека радикализацијата најдобро се гледа како процес на промена, лична и политичка трансформација од една состојба во друга. Да се стане радикализиран е постепен процес што бара прогресија низ различни состојби и не се случува ниту брзо, ниту лесно. Така, едно лице не станува радикално преку ноќ иако влијанието на „катализаторниот настан“ може да го забрза процесот. Настанот на катализаторот е опишан од Quintan Wiktorowicz (2004; 2005) како „когнитивно отворање“ што го прави лицето поприемчиво за можноста за нови идеи и погледи на светот. Овој шокантен настан или лична криза ја разнишува сигурноста на поединецот во претходно одржаните верувања, го поттикнува да го преоцени целиот свој живот и да стане отворен за радикална промена на вредностите и однесувањето. Во случајот на терористичките организации ИРА или ЕТА, новите регрути го оправдуваа приклучувањето кон етнонационалистичките терористички групи повикувајќи се на убивање (или мачење) пријатели и роднини од страна на државата, и затоа може да се претпостави дека тероризмот бил чин на одмазда. Во поново време, постојат докази дека криминалците што се приклучиле на џихадистичките организации како ИСИС и ал-Каеда сфатиле дека нивното криминално однесување било штетно и дека треба да прекинат со своето минато и да ги надоместат своите „гревови“. Оваа „точка од која нема враќање“ го обезбеди образложението за нивното вртење кон религијата и ја оправда вмешаноста со салафистите следбеници на ултраконзервативната сунитска гранка на исламот.

Настанот катализатор може да има повеќе форми:

- ✓ економски (губење работа, блокирана општествена мобилност);
- ✓ општествени (отуѓување, дискриминација, расизам);
- ✓ политички (меѓународни конфликти) и
- ✓ лични (смрт на близок).

Дополнително, постои долга листа на предизвикувачи (вистински или согледани) што можат да го иницираат прогресивното движење кон насилен екстремизам.

1.1 Поттикнувачки фактори на насилниот екстремизам

Најпопуларниот приод, досега, за проучување на појавата на насилниот екстремизам е да се групираат основните причини и поттикнувачки фактори во две главни категории:

1) притискачки фактори или структурни услови (пр. сиромаштија, незадоволства, недостаток на пристап до политичките процеси или правдата, долготраен конфликт); и

2) привлекувачки фактори или директни двигатели како што се идеолошки повик или финансиски и социјални придобивки од приклучувањето кон насилна група.

На микрониво, сегашната агенда на истражување на насилниот екстремизам има тенденции да се фокусира на индивидуалните особини на радикализираните млади, на пример, преку истражување на улогата на когнитивните склоности во формирањето маладаптивни, високоризични начини на размислување (Allan et al. 2015; Dandurand, 2015). Објаснувањата на макрониво за структурните причини на насилниот екстремизам се во изобилие. Најчесто цитираните основни причини на насилниот екстремизам опфаќаат политичко угнетување, општествено исклучување, државна репресија, релативна депривација, сиромаштија и глобализација (Dandurand, 2015, Desta, 2016). Овие структурални објаснувања означија поместување од препишување на насилниот екстремизам само или првенствено на верските убедувања. Научниците исто така ја истакнуваат улогата на формирањето на идентитетот како движечка сила за процесите на радикализација (Schmitt, 2017; Search for Common Ground, 2017) и идентификуваат други двигатели како што се родови улоги и чест (Atran, 2006). Исто така истражувана е улогата на образованието, каде што дисфункционалните образовни системи не им овозможуваат на поединците критички да се ангажираат со предочената информација – посебно меѓу малцинските популации. Недостатокот на соодветно верско образование може понатаму да ги поттикне поединците да бараат поедноставена „вистина“ – да се исполнуваат со верски индоктринации за исламот (или други системи на верување) – што му овозможува простор на екстремистичкиот наратив да дејствува.

Форми и манифестирање

Радикализацијата што води кон насилство не е нова појава. Таа може да има различни форми во зависност од контекстот и временскиот период и може да биде поврзана со различни причини или идеологии. Во минатиот век, многу земји страдаа од насилство од различни форми, вклучувајќи, меѓу другото, урбано насилство, појава на насилна супкултура, десно и левичарско екстремистичко насилство, националистичко и религиозно мотивирано насилство. Следниве описи се засноваат на Извештајот на Центарот за спречување на радикализација што води до насилство (2018).

Десничарското екстремистичко насилство е форма на насилна радикализација поврзана со фашизмот, расизмот, врховизмот и ултранационализмот. Оваа форма на радикализација што води до насилство се карактеризира со насилна одбрана на расен, етнички или псевдонационален идентитет, а исто така е поврзана со радикално непријателство кон државните власти, малцинствата, имигрантите и/или левичарските политички групи.

Левичарското екстремистичко насилство е форма на радикализација што води кон насилство што се фокусира првенствено на антикапиталистичките барања и повикува на трансформација на политичките системи што се сметаат за одговорни за производство на социјални нееднаквости, и што на крајот може да користат насилни средства за да ја

унапредат својата кауза. Оваа категорија вклучува анархистички, маоистички, троцкистички и марксистичко-ленинистички групи што користат насилство за да се залагаат за својата кауза.

Политичко-религиското екстремистичко насилство е форма на радикализација што доведува до насилство поврзано со политичко толкување на религијата и одбраната, со насилни средства, на верски идентитет за кој се смета дека е нападнат (преку меѓународни конфликти, надворешна политика, социјални дебати итн.).

Екстремистичкото насилство на едно прашање во суштина е форма на насилна радикализација мотивирана од единствено и специфично прашање. Оваа категорија ги вклучува следните групи доколку користат насилство: радикални групи за заштита на животната средина или правата на животните, движења против глобализацијата, екстремисти против абортусот, насилство поврзано со спорт, одредени антитранс и антифеминистички движења и ултраиндивидуалистички или независни екстремистички движења што користат насилство за да ги промовираат своите каузи. Убијците чии мотиви се делумно или целосно идеолошки може исто така спаѓаат во оваа категорија.

Опсегот на насилни дејства и манифестации што произлегуваат од радикализацијата што доведува до насилство може да варира од вербално насилство до терористички напади, вклучувајќи пожари и оштетување јавни добра, насилни собири, физичка агресија, активности од типот на мафија и убиства. Некои форми на насилство (на пр., вербално насилство) може да бидат почетна фаза и да поттикнат други потешки и опасни форми (на пр., физичко насилство или убиства) (Glaser, 2017).

Траектории и чекори на радикализација што водат кон насилство

Иако постојат различни индивидуални траектории и патеки кон радикализација што водат до насилство, можно е да се идентификуваат шест чекори низ кои може да поминат младите додека се подложени на процесот на насилна радикализација. Патеките на секој човек може да бидат сосема различни, а премините од една до друга можеби не се толку јасни, но овие шест чекори помагаат да се разберат некои од личните патишта кон формирање радикални верувања и свртување кон насилни акти зошто поединци може да се вклучат или да се одделат во процесот на радикализација. Важно е да се нагласи дека не сите поединци што поминуваат преку првите фази го достигнуваат нивото на насилна радикализација. Исто така, можно е да се движите помеѓу „чекорите“ и да се оди напред-назад во овој модел. Моделот Могадам (Moghaddam, 2005, International Centre for the Prevention of Crime, 2015) има за цел да покаже дека радикализацијата што води кон насилство е резултат на многу поголеми процеси во општеството. Не ги опфаќа сите можни форми на насилство – наместо тоа, ги опфаќа важните делови од процесите на радикализација што водат кон насилство.

Траекториите на радикализација што доведува до насилство се артикулирани во овој модел околу следните шест чекори, засновани на метафора на качување по скали до катови на зголемено прифаќање на насилството, и може да помогне во подобро објаснување во која фаза на насилна радикализација се наоѓа лицето, како и кои интервенции да бидат соодветни на секое ниво.

Приземје: Психолошка интерпретација на материјалните и социјалните услови

► Субјективна перцепција на лишеност, неправда, социјална неподвижност.
► Закани за идентитетот.
► Влијание на медиумите кои шират чувство на неправда.

Прв кат: Предвидени опции против нефер третман

Овие опции се:

► перцепција за недостаток или ограничени можности за социјална мобилност и алтернативни начини за подобрување на состојбата,
► перцепција на правните постапки како неправедни и пристрасни.

Овие опции генерираат чувство на неправда и нелегитимност на важечкиот нормативен систем. На тој начин, почувствуваната агресија се проектира кон другиот, кој се смета за одговорен за проблемите, со што се овозможува преминот на вториот кат.

Втор кат: Агресија

Вториот кат се карактеризира со поместување на агресијата, која во оваа фаза е вербална и физичка. Ова се рефлектира со директна или индиректна поддршка на групи или организации што се залагаат и промовираат визија за „ние против нив“.

Трет кат: Морална посветеност

Тоа е чекор каде што насилната група или организација се чини дека го поддржува процесот на ангажирање преку убедување и оправдување на средствата за да се постигне идеално општество. Таа користи тактика на изолација, припадност, доверливост и страв.

Овие организации се позиционирани на две нивоа:

► макониво, како единствена опција за промена на светот или реформирање на општеството;
► микониво, како засолниште за револтираните, незадоволните, маргинализираните и другите луѓе што се наоѓаат во слични ситуации.

Четврти кат: Категорично размислување и легитимност на насилната група или организација – Регрутирање

► Влегување во насилната група или организација и почеток на „тајната“ интрасоцијализација.
► Групата го промовира дихотомното размислување „ние против нив“ и ја зголемува изолацијата.

Петти кат: Насилниот чин и механизмите на инхибиција

Ова е оперативна фаза, каде што поединци се опремени да вршат насилни дејства. Тие ги добиваат потребните ресурси за да ги спречат механизмите што спречуваат преземање насилни дејства:

►социјална категоризација, која се користи за идентификување на целта и на непријателот;

►влошување на разликите помеѓу интрагрупата и дополнителната група;

►спречување каков било механизам на инхибиција (Garcia, Pasic, 2018).

По анализата на облиците и манифестациите на радикализација што доведуваат до насилство, факторите што влијаат и траекториите, може да се заклучи дека не постои апсолутно јасна причинско-последична врска на радикализацијата, туку тоа е сложен процес што е различен за секој случај.

Бидејќи причинско-последичната врска може да се протолкува различно, терминот и логиката на „превенција“ се проблематични од гледна точка на општествените науки. Во оваа смисла, „превенцијата“ во ова истражување попрецизно би значела „адресирање на радикализацијата пред таа да стане насилна“, наместо „да се избегне“ или „да се осигури дека тоа нема да се случи“ (Garcia, Pasic, 2018).

1.2. Инструменти за превенција на насилен екстремизам и рана детекција на радикализација

Постојат многу дефиниции за радикализација, но овој прирачник е конкретно заинтересиран за процесот со кој поединците се „радикализираат до насилство“. И тоа не на секаков вид насилство, туку на специфичен тип на политичко насилство, имено, нелегитимно насилство насочено против цивили и неборци, познато и како тероризам. Како што тврди Шмид, она што генерално се подразбира под радикализација е „индивидуалниот или групниот процес на растечка посветеност за вклучување во акти на политички тероризам“ (Schmid, 2013). Конечно, работната дефиниција за „насилна радикализација“ е дадена од Експертската група за насилна радикализација на Европската комисија што ја дефинира како „социјализација кон екстремизам што се манифестира во тероризам“ (European Commission’s Expert Group on Violent Radicalization (2008).

Како што е истакнато од Холмер и Бауман (2018), „групите на насилен екстремизам често ги приврзуваат своите агенди кон динамиката на постојан конфликт и бараат прибежиште и можност во средини што се лошо управувани и склони кон конфликти. Разбирањето на главните причини и динамиката што им овозможува на таквите групи да се развијат бара објектив на анализа на конфликти и релевантни алатки за анализа на конфликти. Алатките од макрониво што ги испитуваат насилните екстремистички организации, без да ги земат предвид нивните односи со друга конфликтна динамика, ризикуваат да поддржат тесно замислени интервенции за справување/превенирање на насилен екстремизам што немаат влијание и одржливост.“ Во прилог табела со

наведени причини за насилен екстремизам и можни видови интервенции што може да бидат спроведени од страна на општините.

ОБСЕ има посебна и интенционална терминологија за овие концепти: насилен екстремизам и радикализација што водат кон тероризам. „Радикализација што води кон тероризам“ се однесува на „динамичниот процес во кој едно лице на крајот прифаќа терористичко насилство како можно, па дури и легитимен курс на дејствување. Иако не мора да значи, ова можеби на крајот ќе го наведе лицето да се заземе за терористички активности, да дејствува во нивна поддршка или да се вклучи во нивно извршување“ (OSCE, 2018).

ПРИЧИНИ ЗА НАСИЛЕН ЕКСТРЕМИЗАМ	**ВИДОВИ НА ИНТЕРВЕНЦИИ**
СТРУКТУРНИ	
Политички: репресија, политичко исклучување, геополитички настани	✓ Проекти за граѓанство и демократија ✓ Постконфликтно помирување
Културни: дискриминација, стигматизација, идентитетски конфликти	✓ Кохезија на заедницата ✓ Образование и меѓуверски проекти
Социоекономски: економска депривација, нееднаквост	✓ Ублажување на сиромаштијата ✓ Обука и поддршка за вработување
ОПШТЕСТВЕНИ/ГРУПИ	
Групна припадност, потрага по идентитет, перципирана закана по идентитетска група	✓ Спортски и рекреативни проекти ✓ Проекти за зајакнување на младите
ИНДИВИДУАЛНИ	
Авантура, одмазда, статус, материјални стимулации, екстремистичка идеологија	✓ Менторство и советување ✓ Верска писменост
ОВОЗМОЖУВАЧКИ	
Регрутери, социјални мрежи поврзани со екстремистички групи	✓ Упатување и информативни услуги ✓ Контранаративни иницијативи

Табела 4. Причини за насилен екстремизам и видови интервенции

Класификација на насилните екстремисти

Постојат повеќе видови на насилен екстремизам. Европските и другите држави ширум светот беа подложени на различни видови на насилен екстремизам во изминатите децении. Ова насилство беше спроведено од десницата, левичарското насилство и други видови на политичко, социјално, верско и друго идеолошко поврзано насилство. Заедничко за сите овие видови на насилни дејствија е фактот што овие незаконски насилни дејствија се преземаат за да се реализира и/или продолжува одредена идеолошка цел.

Не сите насилни екстремисти имаат исти карактеристики – некои можеби биле осамени актери, додека други можеби биле членови на екстремистичка група – некои можеби имале историја на претходна обука и ангажирање во насилни екстремистички акти, додека други можеби биле уапсени поради планирање да се вклучат во некоја насилна акција во сопствената држава или во странство, без претходно искуство или капацитет во однос на насилни дејства. Некои насилни екстремисти се харизматични лидери, други се следбеници. Некои имаат капацитет да регрутираат, додека други се ранливи на таква активност за регрутирање. Некои насилни екстремисти претходно биле криминални престапници; други немаат познато криминално минато. Разбирањето на овие индивидуални карактеристики е важно за ефективно реагирање на поединечни насилни екстремистички престапници.

Ќе напомнеме дека постојат различни видови класификација на екстремистите, односно постои различна класификација за различни цели. Меѓутоа, како една од поважните класификации на насилните екстремисти во три категории може да ја издвоиме онаа од Советот на Европа (Council of Europe Handbook, 2016):

1) оние што се **идеолози и водачи** и што може да бидат лица за радикализирање;
2) оние што се **следбеници** и се ранливи на зголемена радикализација;
3) оние што се **криминални опортунисти** и заинтересирани за сопствена добивка и се здружуваат со насилни екстремисти со цел на некој начин да се здобијат со лична корист.

Иако дефиницијата за насилен екстремизам вклучува придржување до идеолошки цели, некои поединци се повеќе мотивирани од потрагата по смисла во своите животи, други се принудени од други да се вклучат или можеби имаат потреба од социјална припадност.

Насилниот екстремизам и радикализација претставуваат негирање на демократијата и на човековите права. Чувствата на неправда и фрустрација за нивната социјална исклученост се меѓу главните причини што придонесуваат за ранливоста на младите луѓе и ја зголемуваат нивната подготвеност да се

придржуваат на екстремистички, понекогаш насилни групи, кои нудат очигледна социјална сигурност за нив.

Владата на Северна Македонија формираше комитет што ќе се занимава со ова прашање заедно со стратегија што подоцна ќе биде наречена „Национална стратегија за спречување на насилен екстремизам“ и акциски план што предвидува како различните актери и засегнати страни ќе бидат вклучени во развојот на таквите активности. Националната стратегија на Северна Македонија за спречување на насилен екстремизам дава единствен фокус на превентивните активности и дефинира четири стратегиски приоритети:

1. **Да се превенираат** тековите на странски терористички борци и милитанти и коренитите причини за радикализација и екстремизам;
   Цели:
- ✓ Зајакнати институционални капацитети,
- ✓ Подигнување на јавната свест,
- ✓ Силна и отпорна заедница,
- ✓ Спречување на радикализација преку интернет.

2. **Да се заштитат** граѓаните, нивниот имот, клучната и критичната инфраструктура од јасни и присутни, како и потенцијални и растечки закани;
   Цели:
- ✓ Проактивни институции во контекст на заштита на основните вредности, човековите права и слободи,
- ✓ Зголемување на довербата кај релевантните институции и граѓаните за заштита од радикализација и насилен екстремизам.

3. **Да се гонат/извршуваат** заканите од насилен екстремизам и тероризам во нивниот корен, во безбедните засолништа и местата каде што претставуваат јасна опасност за граѓаните и инфраструктурата; тие закани правосудно да се гонат активно, но фер и транспарентно, како и конзистентно со владеењето на правото;
   Цел:
- ✓ Воспоставување сет на мерки за рано откривање на радикализација.

4. **ДА се одговори** активно, агресивно, но секогаш на начини што се транспарентни и конзистентни со владеењето на правото, во духот на солидарноста и на начини што ги минимизираат последиците од терористички напад, преку подобрување на способностите на институциите да се справуваат со состојбата по напад, координација на одговорот и на потребите на жртвите.

Цели:
- ✓ Дерадикализација,
- ✓ Реинтеграција преку ресоцијализација и рехабилитација,
- ✓ Координација и соработка

Ова е долгорочен процес што вклучува различни актери на различно ниво, почнувајќи од заедницата до меѓународните партнери и креатори на политики. Бидејќи оваа активност бара пристап од повеќе засегнати страни, важно е да се разберат различните стратегии и пристапи што се развиени за одредени области, регионални, национални итн.

Инструменти за превенција од насилен екстремизам

Инструмент за ризик од екстремизам ERG22+

Насоките за ризик од екстремизам ERG22+ се производ на владини студии на Обединетото Кралство во врска со процесот на радикализирање и биле донесени како алатка за процена од оперативната група за служби за интервенирање и стартувала во 2011 година. Се заснова врз 22 примарни фактори на радикализам и се користи во Рамката Channel Vulnerability Assessment (CVA).

Овој инструмент е клучен елемент на стратегијата за превенирање (homeoffice.gov.uk). Тоа е пристап од повеќе агенции за заштита на луѓето изложени на ризик од радикализација. Се користи постојната соработка помеѓу локалните власти, законските партнери (како што се образовниот и здравствениот сектор, социјалните услуги, услугите за деца и млади и услугите за управување со престапници), полицијата и локалната заедница за:

• идентификување поединци што се изложени на ризик да бидат вовлечени во тероризам;

• да ги процени природата и степенот на тој ризик; и

• да се развие најсоодветен план за поддршка за засегнатите лица.

Инструментот е за заштита на децата и возрасните да не бидат вовлечени во извршување активности поврзани со тероризам. Станува збор за рана интервенција за заштита и оттргнување на луѓето од ризикот со кој се соочуваат пред да се случи незаконитоста. Не треба да се претпоставува дека карактеристиките наведени подолу нужно укажуваат дека некое лице или е посветено на тероризам или може да стане терорист. Рамката за оценување вклучува три димензии: ангажираност, намера и способност, кои се разгледуваат одделно.

1. Ангажман со група, причина или идеологија

Инструментот идентификува потреби, чувствителност, мотивации и контекстуални влијанија што заедно го мапираат индивидуалниот пат кон тероризмот. Тие може да вклучуваат:

• Чувство на жалење и неправда;

• Чувство под закана;

• Потреба за идентитет, значење и припадност;

• Желба за статус;

• Желба за возбуда и авантура;

• Потреба да се доминира и да се контролираат другите;

• Подложност кон индоктринација;

• Желба за политички или морални промени;

• Опортунистичка вклученост;

• Вклучување на семејството или пријателите во екстремизам;

• Се наоѓате во транзициски период од животот;

• Под влијание или контролирање од група;

• Релевантни проблеми со менталното здравје.

2. Намера да предизвикаат штета

Не сите оние што се ангажирани од група, причина или идеологија развиваат намера да предизвикаат штета, така што оваа димензија се разгледува одделно. Факторите на намера го опишуваат начинот на размислување што е поврзан со подготвеноста да се користи насилство и се осврнуваат на тоа што би направил поединецот и до која цел. Тие може да вклучуваат:

• Преголема идентификација со група или идеологија;

• Размислување „тие и ние“;

• Дехуманизација на непријателот;

• Ставови што оправдуваат навреда;

• Штетни средства за постигнување на целта;

• Штетни цели.

3. Способност да предизвикаат штета

Не се способни да го сторат тоа сите оние што имаат желба да предизвикаат штета во име на група, причина или идеологија, а заговорите за предизвикување широка штета бараат високо ниво на лична способност, ресурси и вмрежување за да бидат успешни. Затоа, она за што е способно поединецот е клучно внимание при проценатa на ризикот од штета на јавноста. Факторите може да вклучуваат:

• Индивидуални знаења, вештини и компетенции;

• Пристап до мрежи, финансирање или опрема;

• Криминална способност.

IR46-Islamic Radicalization

IR46 е инструмент за структурна професионална процена, пред да настане кривично дело, за поединци што може да бидат подложни на исламистичка екстремистичка идеологија, попрецизно, инструмент што се применува единствено за исламистички екстремизам.

Се заснова врз четири фази и на Скалила до тероризмот (Staircase to Terrorism) на Могадам (2005). Поделен е во две колони: идеологии (намери) и социјален контекст (способности). Севкупно, овој модел обезбедува 46 индикатори што создаваат основа за повеќеагенциска процена на ризик во која секој индикатор се оценува преку мултидисциплинарно, структурирано и професионално расудување.

VERA-2 (Violent Extremist Risk Assessment)

VERA-2 (Pressman, 2009) претставува процена на ризик што развива специфични индикатори што комбинираат:

- верувања и ставови за да се поддржи идеологијата;
- настаните што претходеле и што ги обликуваат идеите и верувањата на лицето;
- заложба и мотивација и капацитет на поединецот за да планира и да изврши екстремистички напад.

<u>Извештај за процена на ризик</u>
1. Презентирање проблеми на насилство
2. Позадина и историја
3. Мотивација, цел и други карактеристики на насилството
4. Претходна воена, паравоена обука за употреба на оружје
5. Ангажирање во програми за дерадикализација/отпуштање
6. Процена на успехот на програмирање на разделување
7. Умереност во идеолошката посветеност на насилството
8. Природа на веројатно насилство
9. Контекстуални, социјални и други фактори што влијаат на веројатноста за насилство
10. Процена на веројатноста за насилство

Потоа овие елементи се одмеруваат наспроти заштитните индикатори што го ублажуваат ризичното однесување.

Десет ставки во Факторот ставови се оценети. Утврдено е дека овие ставки се важни за мотивацијата за насилна радикализација и прекршоци поврзани со тероризам.

(1) Приврзаност кон идеологија што го оправдува насилството

Ако субјектот е посветен на политичка, верска идеологија или кауза каде што употребата на насилство за постигнување на целта е морално оправдана и легитимирана, тогаш субјектот ќе добие оцена „висока“ за оваа ставка. Ако нема придржување кон употреба на насилство за постигнување идеолошки цели, тогаш субјектот добива оцена „ниска“. Ако има прифаќање за употреба на насилство во некои ситуации, но не и во други, тогаш субјектот ќе добие оцена во „среден опсег“. Оцената за оваа ставка се одредува според нивото на посветеност на идеологијата и на употребата на насилство за постигнување на посакуваните цели.

(2) Перцепција на неправда и поплаки

Перцепцијата на субјектот за неправдата и поплаките, исто така, може да се оцени како „ниска“, „средна“ или „висока“. Ако субјектот има силни чувства дека тој или неговата идентификувана група биле предмет на неправда и тој/таа има високо ниво на поплаки, тогаш субјектот добива оцена „висока“ за оваа ставка. Ако нема перцепција за неправда или поплаки, тогаш субјектот добива „ниска“ оцена. Ако постои одредена перцепција за неправда и поплаки, но тоа не се оценува како претерано, тогаш субјектот добива оцена во „среден опсег“.

3) Идентификување на причината за неправдата

Ако субјектот ја идентификувал целта за која се верува дека е причина за неправда со специфичност и сигурност, тој ќе биде оценет со „високо“ на оваа ставка. Ако субјектот не идентификувал одредена цел или причина за неправда, тогаш оваа ставка ќе биде оценета како „ниска“. Ако постои одредена идентификација, но недостасува специфичност и целта е нејасна, тогаш оваа ставка е оценета во „среден опсег“.

(4) Дехуманизација на идентификуваната цел

Доколку постои дехуманизација на целта со соодветна специфичност на целта (поединец, група), тогаш оваа ставка се оценува како „висока“. Доколку нема дехуманизација на целта, ставката е оценета како „ниска“. Ако постои одредена дехуманизација, но постои двосмисленост или е забележана загриженост за загуба на животи, тогаш оваа ставка е оценета во „среден опсег“.

(5) Внатрешно маченичество

Оваа ставка се однесува на внатрешната реалност на субјектот и прифаќањето на неопходноста да се биде подготвен да се умре за каузата и дека таквото маченичество е и пожелно и благородно. Доколку субјектот ја

интернализирал и ја прифатил неопходноста за маченичтво, предметот се оценува како „високо“. Ако постои прифаќање на потребата да се биде подготвен да се умре, но идејата за маченичтво не е цврсто вградена во свеста на субјектот, личноста е оценета како „среден опсег“. Ако постои прифаќање на потребата да се бориме за каузата, но не и за маченичтво за каузата, тогаш субјектот добива оцена „ниска“.

(6) Отуѓување од општеството и отфрлање на вредностите

Чувството на значителна отуѓеност и/или одвоеност од граѓанското општество со истовремено отфрлање на демократските вредности и норми на секуларното мултикултурно општество е доволно за да се добие „висок“ рејтинг за оваа ставка. Ако субјектот изразува ограничено отуѓување од општеството и неговите вредности, ставката е оценета како „ниска“. Доколку субјектот отфрла некои демократски и плуралистички вредности на општеството и се гледа дека има значително отуѓување од општеството, ставката се оценува во опсегот „среден“.

(7) Омраза, фрустрација, прогонство

Личноста што покажува високо ниво на омраза, лутина, фрустрација и прогон поврзани со неговиот/нејзиниот поглед на светот е оценет како „високо“ на оваа ставка. Оваа омраза и фрустрација се поврзани со идеолошкиот став на поединецот. Минимално ниво на омраза, фрустрација, гнев и чувство на прогон е оценето како „ниско“. Одредена фрустрација и гнев се оценети во „среден опсег“.

(8) Потреба за групно поврзување и припадност

Предмет што има силна потреба да биде дел и прифатен од група е оценет како „високо“ на оваа ставка. Релативното отсуство на оваа потреба е оценето како „ниско“. Одредена желба за прифаќање и поврзување, но не и прекумерна потреба е оценета во „среден опсег“. Оваа ставка е поврзана со личната идентификација бидејќи групното поврзување е поврзано со личниот идентитет.

(9) Колективен идентитет

Ако субјектот покажува идентитет што е непријателски настроен кон националниот колективен идентитет, нема чувство на припадност кон општеството на живеење и покажува збунета или негативна лојалност, тогаш тој/таа е оценет/а со „високо“ на оваа ставка. Ако субјектот не покажува проблеми со колективниот идентитет, предметот е оценет како „низок“. Присуството на некои колективни идентитетски прашања, како што е елаборирано погоре, резултира со рејтинг во „среден опсег“.

(10) Емпатија

Многу ниската емпатија за оние што се надвор од сопствената група може да се оцени дека е во низок, среден или висок опсег. Ако субјектот нема емпатија

за оние надвор од неговата/нејзината група, тогаш оценатa за оваа ставка е „висока“. Ако е присутна емпатија за оние надвор од неговата/нејзината група, тогаш оценатa за оваа ставка е „ниска“. Ако постои одредена емпатија за другите надвор од групата на субјектот, оценатa е во „среден опсег“.

Контекстуални фактори на ризик

Контекстуалните фактори на ризик го земаат предвид влијанието на пријателите, семејството и опкружувањето на оваа тема. Во прирачникот контекстуалните фактори на ризик се проширени за да се вклучат и други влијанија на оваа тема, како што се интернет, обука и социјални контакти од екстремистички верски, политички, етнички или други идеолошки мотивирани групи. Вклучува и фактори поврзани со геополитичките ситуации и владините одговори што можат да предизвикаат насилни одговори.

Контекстуалните фактори се важни за одредување на ризикот бидејќи повеќето терористи не планираат самостојно напади. Насилната намера без други човечки контакти, експертиза, лидерство, планови, финансиска и техничка поддршка обично резултира со неактивност. Екстремистичката идеологија е поддржана во „групното размислување“. Ова може да биде во форма на поддршка од колеги, студиски групи, поддршка од заедницата и пристап до материјали, финансии и лидерство. Интернетот стана важен иницијатор и поддршка за екстремистичките идеи и служеше како врска за екстремистичките групи. Во други случаи, обуката се спроведува или во земјата или во странство. Контекстуалните фактори се втората категорија на VERA.

(1) Корисник на екстремистички веб-страници

Ако субјектот е редовен и посветен учесник и/или корисник на екстремистички веб-локации вклучувајќи ги и оние што промовираат и даваат инструкции за правење бомби, рејтингот е „висок“. Ако субјектот не користи интернет или други средства за да се поврзе со екстремисти или екстремистички веб-страници што промовираат и оправдуваат употреба на насилни дејства за постигнување идеолошки цели, рејтингот е „низок“. Ако субјектот знае за екстремистички веб-страници, но не е редовен учесник или корисник на екстремистичките страници, оценатa е „среден опсег“.

(2) Поддршка на заедницата за насилна акција

Ако субјектот живее во заедница каде што има силна поддршка за насилни дејства за продолжување на религиозните или политички цели или има силна привржаност кон врсничка група или студиска група со која има силна врска и каде што има силна поддршка за насилни активности за понатаму верските, политичките или идеолошките цели, тогаш рејтингот е „висок“. („Поддршката од врсниците за насилна акција“ оценета во оваа ставка се разликува од сопствената потреба на субјектот за врсничка група или врсничка поврзаност што беше проценета во претходниот дел .) Ако субјектот живее во заедница каде

што нема поддршка за насилство за да се унапредат идеолошките цели и не е вклучен во група што поддржува употреба на насилство, тогаш оценатa за оваа ставка е „ниска“ Ако има силна заедница поддршка за идеологијата, но ниска или неконзистентна поддршка за насилство, тогаш рејтингот е со „среден опсег“.

(3) Директен контакт со насилни екстремисти

Ако субјектот е во контакт со три или повеќе „насилни“ екстремисти или е дел од група што вклучува радикални екстремисти, рејтингот е „висок“. Доколку субјектот не е во контакт со радикални/насилни екстремисти, оценатa е „ниска“. Ако субјектот има еден или двајца врсници/контакти што се насилни екстремисти, оценатa е во „среден опсег“.

(4) Гнев кон владините политички одлуки, постапки или друг гнев насочен кон власта

Оваа ставка се однесува на степенот на гнев што го чувствува субјектот кон надворешнополитичките одлуки и/или дејства на една земја кога таквото дејство е против неговите/нејзините политички/идеолошки или религиозни ставови. Ако има силно ниво на гнев и непријателство, рејтингот е „висок“. Ако субјектот има силно несогласување со постапките на владата без високи нивоа на гнев, рејтингот е „низок“. Ако има умерен гнев и непријателство, но гневот е контролиран, тогаш оценатa е во „среден опсег“.

Историски фактори на ризик

Историските фактори се третата категорија на предмети на VERA. Во HCR-20[1] и SAVRY[2], историјата на насилство е еден од најцврстите предвидувачи на идното насилство. Насилството во овие други алатки се однесува на чин на акумулација или физичко насилство што е доволно сериозно за да предизвика повреда на друго лице или лица како што се исеченици, модрини, скршеници

[1] HCR-20 става голем акцент на историските податоци при проценатa на ризикот. Историските податоци се сидрото на проценитe на ризикот (Webster et al, 1997). Ова може да биде случај за општите криминалци, но робусноста на историските податоци за насилниот екстремизам не е докажана. Покрај тоа, историските предмети што се применуваат за насилните екстремисти ќе се разликуваат од оние што се користат за општ криминал поради различните историски реалности.

[2] SAVRY е алатка за оценување на насилството меѓу младите во традицијата на HCR-20. SAVRY беше дизајниран да се користи со деца од 12 до 18 години. Тоа е водич наместо формален тест или скала. SAVRY е дизајниран да одговори на реалноста дека адолесценцијата е време на значајни промени на интелектуално, социјално и емоционално ниво. Borum, R., Bartel, P., & Forth, A. (2006). SAVRY: *Professional Manual for Structured Assessment of Violence Risk in Youth*. Lutz, FL: Psychological Assessment Resources Inc.
Повеќето млади што се насилни во адолесценцијата не опстојуваат на насилничко однесување во зрелоста и карактеристиките на личноста и однесувањата во адолесценцијата се помалку стабилни низ времето, контекстите и ситуациите. Како резултат на тоа, се препорачуваат повторени администрации на SAVRY со текот на времето. Cauffman, E. E., & Steinberg, L. (2000). (Im) maturity of judgment in adolescence: Why adolescents may be less culpable than adults. *Behavioral Sciences and the Law, 18*, 1-21.

или смрт. Тоа вклучува сексуално насилство и други форми на семејно насилство.

Екстремистичкото насилство не е поврзано со домашен гнев, сексуални желби, губење контрола или финансиска добивка. Екстремистичкото насилство мотивирано од идеологија може да се движи од целни атентати до насилни акти од апокалиптична или катастрофална природа дизајнирани да предизвикаат масовни жртви на цивилите. Во некои случаи насилството може да се окарактеризира како она каде што уништувањето и хаосот се цел сами по себе. Терористичкото насилство може да се гледа како „фанатично насилство“ каде што крајниот резултат е да се донесат политички промени, одбрана на идентитетот или решавање прашање на достоинство. Концептот на „праведно убиство“ треба да се земе предвид при проценатa на ризикот на насилните екстремисти (Morgan, 2004).

Следниве се вклучени во делот за историски фактор на ризик на VERA:

(1) Рано изложување на насилство

Првата точка се однесува на раната изложеност на субјектот на насилство. Ако субјектот бил изложен на поддршка за насилни дејства поврзани со политички, националистички, етнички, верски конфликти без разлика дали живеел во демократска земја од раѓање или не, ставката треба да биде оценета „високо“. Ако субјектот не бил изложен, ниту наишол на поддршка за насилство во домот или надвор од домот, предметот треба да биде оценет со „ниско“. Ако субјектот бил изложен на значително семејно насилство, но не и на поддршка на политичко насилство, ставката треба да се бодува во „среден опсег“.

(2) Поддршка од семејството и пријателите за насилна акција

Втората точка се однесува на поддршката што семејството или блиските пријатели ја покажале за насилни дејства. Ако еден или двајцата родители, браќа, сестри, братучеди или чичковци или блиски пријатели биле вклучени во тепачка или собирање средства за насилни причини, или се промотори на насилни дејства, ставката се оценува „високо“. Ако семејството или блиските пријатели не поддржуваат насилни дејства, ставката се оценува со „ниска“. Ако има поддршка за некоја насилна акција, но немало директно учество од семејството или пријателите, ставката се бодува во „среден опсег“.

(3) Претходно кривично дело насилство

Оваа ставка е поврзана со претходното вклучување на субјектот во насилни дејства што може или не може да бидат идеолошки мотивирани. Ако субјектот бил уапсен за претходно криминално насилство, рејтингот е „висок“. Доколку нема претходни апсења за насилство поврзано со криминал, ставката се оценува со „ниска“. Ако има извештаи за насилни инциденти на училиште, на работа, дома или на друго место, но овие извештаи не резултирале со апсење, ставката се бодува во „среден опсег“.

(4) Воена или паравоена обука

Ако субјектот имал паравоена обука што е легитимна воена обука од недржавно спонзорирана, добиената оцена е „висока“ Доколку субјектот немал искуство или обука во вооружување, оцената е „ниска“. Ако субјектот имал одредена обука, но не бил дел од воена или паравоена програма за обука спонзорирана од државата, рејтингот е „среден дострел“.

(5) Патување надвор од земјата за обука и борби под недржавно спонзорирање

Ако субјектот отпатувал во странство за да учествува во паравоена обука или учествувал во недржавно санкционирани кампови за обука за оружје и тактички, воен или насилен отпор, се доделува „висок“ рејтинг. Доколку немало обука во странство, се дава „ниска“ оцена. Ако субјектот имал намера да отпатува во странство за таква обука, но не можел да го стори тоа, оцената е во „среден опсег“.

(6) Глорификација на насилното дејство

Оваа ставка е поврзана со издигнувањето на насилството за согледана благородна кауза како одговор на религиозните или националистичките верувања. Ако субјектот бил и останува посветен на ставот дека насилството е легитимно и убивањето е дел од благородната мисија што е морално оправдана, тогаш оцената за оваа ставка е „висока“. Ако нема глорификација или легитимирање на насилното дејствување и нема морално оправдување, тогаш рејтингот е „низок“. Ако има некакво морално оправдување за насилно дејствување, но нема глорификација, тогаш оцената е во „среден опсег“.

Заштитни фактори

Заштитните фактори се фактори што, доколку се присутни, го ублажуваат ризикот од идно насилство. Заштитните фактори се оценети во однос на нивото или степенот на нивното присуство. Доколку идентификуваните фактори не се присутни, ризикот од насилство е помал и веројатно ублажен. Свеста за присуството или отсуството на овие заштитни фактори е корисна за планирање на програмата за интервенција.

(1) Промена во идеологијата

Ако има поместување на вредностите од претходната екстремистичка идеологија, тогаш рејтингот е „висок“. Оцената е во „среден опсег“ ако е забележано одредено приспособување или промена во идеологијата во ставовите на субјектот или ако промените во вредностите се веродостојни. Ако нема промена во идеологијата и вредностите од претходната екстремистичка идеологија, тогаш рејтингот е „низок“.

(2) Отфрлање на насилството за постигнување цели

Ако субјектот го отфрли верувањето дека насилството што се користи за постигнување цели е морално оправдано и легитимно, тогаш рејтингот е „висок“. Доколку субјектот не ја отфрлил употребата на насилство за постигнување на целите, оцената дадена на оваа ставка е „ниска“. Доколку постои одредено самопреиспитување за вредноста на употребата на насилство, оцената за оваа ставка е во „среден опсег“.

(3) Промена на визијата и концептот на „непријател“

Доколку дојде до промена во перцепцијата за „непријателот“ од (претходната) екстремистичка идеологија, оцената за темата на оваа ставка е „висока“. Ако нема ревизија во идеологијата и непријателскиот референт останува цел, тогаш рејтингот на оваа ставка е „низок“. Ако дошло до извесна модификација во перцепцијата за „непријателот“ и зголемено прифаќање на демократските вредности, тогаш рејтингот е во „среден опсег“.

(4) Интерес за конструктивно политичко вклучување

Ако има интерес за учество во демократските политички процеси, тогаш рејтингот е „висок“. Доколку нема интерес за учество во демократските политички процеси, рејтингот е „низок“. Доколку се забележи некаков интерес за политичкиот процес, а интересот за учество е веродостоен, рејтингот е во „среден опсег“.

(5) Значајна поддршка од заедницата

Ако субјектот има поддршка за дерадикализација од неговото/нејзиното семејство или брачен другар или организација на заедницата, тогаш оцената за оваа ставка е „висока“. Ако во семејството и заедницата нема поддршка за дерадикализација и разграничување, рејтингот е „низок“. Ако има ограничена поддршка, тогаш оцената е во „среден опсег“.

TRAP-18- Terrorist Radicalization Assessment Protocol-18

TRAP-18 е инструмент за ризик што комбинира предупредувачко однесување (патеки, идентификација, фикциска и наративна агресија) и 10 подолгорочни карактеристики (лична тага, идеолошка рамка и психопатологија). Тоа е истражна алатка фокусирана на тероризам извршен од едно лице/поединец.

Фокусот на TRAP-18 е на моделите на однесување, а не на карактеристичните варијабли, т. е. нема намера да предвидува кој ќе изврши или нема да изврши терористички акт; Наместо тоа, алатката може да се користи за да помогне во доделувањето ресурси преку информирање на кои поединци треба да им се посвети приоритетно внимание. Резултатите генерирани од користењето на алатката покажуваат дали случајот бара активно управување (каде што се присутни едно или повеќе предупредувачки однесувања) или следење (каде што постојат само дисталните карактеристики) (Lloyd, 2019).

HCR-20 – Процена на ризикот од насилство

За да им помогнат во расудувањето на оценувачите, многумина користат HCR-20, сметајќи го за многу вредна референтна точка за идно потенцирање на причината и на релевантноста на факторите и формулирањето на случајот, на пример, вклучувајќи теории за личноста, социјалното спознавање, социјалната дезорганизација и одлучување. Врз основа на литература за фактори што водат до насилство, HCR-20 го добила името од три поенти — историска, клиничка (тековна), управување со ризик (иднина) — и од бројот на точки (20) што ги мери. Секоја точка се оценува според структура со рангирање во три нивоа (ниско, средно или високо) (Silva, 2020).

Заклучок

Спречувањето на тероризмот преку справување со радикализацијата и насилниот екстремизам стана глобална карактеристика на националните стратегии, што резултира со развој на многу политики и практики насочени кон спротивставување и спречување на насилниот екстремизам.

Овие пристапи на мека моќ имаат за цел да интервенираат пред да се случи насилство и дадоа повод за нов речник: „спречување насилен екстремизам“, „спротивставување на насилниот екстремизам“ и „спречување радикализација до насилен екстремизам“.

Како што е наведено во овој труд, иако процесите на радикализација, идеологијата на насилниот екстремизам и чинот на тероризам имаат меѓусебно зависни односи, тие се всушност три различни поими што мора јасно да се разберат.

Иако актите на терор не се исклучиво производ на процесот на радикализација, разбирањето на корелацијата е суштествена за успешно спротивставување на насилниот екстремизам.

ГЛАВА II

МРЕЖНО ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ТЕРОРИСТИЧКИТЕ И НА ТРАНСНАЦИОНАЛНИТЕ КРИМИНАЛНИ ОРГАНИЗАЦИИ

Безбедносните предизвици создадени во светот на почетокот на XXI век наметнуваат нов начин на перцепција и изучување на феноменот на тероризмот и на транснационалниот организиран криминал. Соработката на терористичките организации со структурите на организираниот криминал и сè поголемото преклопување на активностите со кои се занимаваат терористите и членовите на организираните криминални групи наведуваат на размислување дека тероризмот и транснационалниот организиран криминал не можат веќе да се анализираат како две целосно различни појави.

Постулат: Како дел од своето дејствување, во пораст е употребата на сојузништво преку мрежни структури помеѓу терористите и криминалците.

Оваа глава укажува на тоа дека транснационалните криминални организации и глобалните терористички организации се многу рационални во своето однесување и се потпираат на мрежните структури при своето дејствување.

Мрежите се последователно глобални и локални. Нивната способност да ја искористат својата интернационална мобилност со огромна брзина, нивната поврзаност со локалните владини структури им даваат огромна предност пред националните и локалните власти што се обидуваат да ги запрат. Нивниот опстанок зависи од способноста на мрежата да се преорганизира со помош на соработка и да ја прекине соработката со леснотија, заземањето нови пазари и тоа што секогаш се чекор понапред (Moises, 2005).

Многу терористи, вклучувајќи го глобалното движење на џихадот, исто така, се потпираат на мрежното функционирање. Едно објаснување на камповите за обука во Авганистан и на други места е тоа дека тие беа и се вежби не само за развивање на терористичките вештини и способности туку и за развивање на врските меѓу поединци што последователно формираат ќелии што ги спроведуваат нападите.

Кога станува збор за примена на теоријата врз терористичките групи, реалистите се стремат да ги игнорираат терористите, а либералите едноставно ги наведуваат во списокот на транснационални актери. Проникливата концепциска анализа посветена на терористичките групи произлезе од теоретичарите на националната безбедност што на војувањето гледаат од аспект на нешто што е наречено мрежна војна. Терминот мрежна војна се однесува на

„еден нов начин на конфликт (и криминал) на општествено ниво, на кој му недостасува традиционалното водење војна и во кој протагонистите користат мрежни форми на организација и доктрини поврзани со нив, стратегии и технологии приспособени на информатичката ера.“

Вмрежување на формите на глобалниот тероризам

Од државно спонзориран тероризам, карактеристичен за времето на Студената војна, кој беше познат и како метод на специјалното војување, еволуирањето на тероризмот отиде во насока на премисите на религијата и на анархијата. Вмрежувањето на религиозно обоените терористички групи, во услови на техничко-технолошки развој и експанзија на глобализацијата, претставува сериозна закана за светскиот мир и безбедност, што во неколку наврати е препознаено и од страна на Советот за безбедност на ООН (UN Security Council Resolution 1368).

Ваквата еволуција на тероризмот отиде во насока на вмрежување на терористичките групи и нивно сè поголемо интернационализирање. На тој начин, искористувајќи ги условите што ги овозможува современиот свет на живеење, а, пред сè, силните интеракциски односи на меѓународен план, подемот на борбата за човекови права и обидот за толкување на правото за самоопределување во духот на сецесијата, глобализацијата и нејзиното влијание врз класичниот пристап на суверени држави, како и промената на рамнотежата на сили во меѓународната политика, започна процес на формирање на современиот тероризам.

Денес, со развојот на најновите научно-технички достигнувања и средствата за комуникација, терористите се приспособиле кон новите околности и создале мрежа на терористички организации, чиишто организациски ќелии егзистираат во сите делови на светот.

Информацискатa револуција создава услови за формирање и за јакнење на мрежните облици на организација и истовремено овозможува остварување на нивните компаративни предности над хиерархиските облици. Информацискатa доба не влијае само на изборот на цели и на оружје на терористичките организации туку и на нивниот начин на функционирање. Потенцијалната предност на мрежните организациски облици, во однос на традиционалниот хиерархиски поредок, се согледува преку мрежната структура на латерална контрола, авторитет и комуникација, за разлика од вертикалната комуникација.

Информацискатa револуција ги помага создавањето и јакнењето на мрежните форми на организација и истовремено овозможува остварување нивни компаративни предности над хиерархиските форми. Тоа особено ќе придонесе за нови можности на недржавните актери, кои полесно ќе се трансформираат во мултиорганизициски мрежи во однос на традиционалните хиерархиски државни актери, со оглед на тоа дека недржавните актери побрзо

се адаптираат на надворешните влијанија и попродуктивно ги користат информациите за унапредување на процесите за донесување одлуки.

Основни карактеристики на мрежните организации се следниве:

1. Комуникацијата и координацијата не се однапред формално одредени преку вертикални односи на известување, туку се остваруваат според потреба.
2. Внатрешноста на мрежата (пр. делови на мрежна организација во една држава или мрежна организација што е дел од поголема мрежа) најчесто се надополнува со врски со поединци надвор од организацијата (кои често ги преминуваат националните граници). Интерните и екстерните врски се создаваат и згаснуваат во зависност од животниот циклус на проектот, односно задачата.
3. Внатрешните и надворешните врски не дефинираат бирократски правила/заповеди, туку заеднички вредности и норми, како и меѓусебна доверба. Поголемиот дел од активностите ги реализираат „самоуправувачки“ тимови, додека надворешните врски ги сочинуваат организиран збир што вклучуваат комплексна мрежа на групи (Monge, Fulk, 1999).

Може да се заклучи дека латералните координациски механизми го олеснуваат преземањето операции на мрежните терористички организации и се поддржани од напредокот на информацискатa технологија.

Причините поради кои новите информациски и комуникациски технологии го поддржуваат настанувањето на мрежните форми на организација се:

- Зголемената брзина на комуницирање (со зголемена пропустливост на мрежата и широка вмреженост). Новите технологии ги овозможуваат комуникацијата и координацијата меѓу раздалечените припадници на групите на терористичките организации.
- Намалената цена на комуницирање. Новите технологии значително ги намалија трошоците за комуницирање, овозможувајќи одржливост на мрежниот облик на организација (со оглед на потребата за интензивна комуникација).

4. Интеграцијата на комуникациските и на компјутерските технологии резултирала со зголемен опсег и сложеност на информациите што може да се споделуваат со помош на мрежата (Monge, Fulk, 1999).

Технологиите на информацискатa ера се особено погодни за мрежните облици на организација, чии припадници се географско оддалечени или се задолжени за спроведување различни, но комплементарни активности. Тоа не значи дека традиционалните хиерархиски организирани терористички

организации нема да ги прифатат или да ги користат информациските технологии за да ги подобрат интерните заповедни, контролни и комуникациски функции. Пример е сектата Аум Шинрикјо, која била организациски високоцентрализирана околу личноста на водичот со кохезиска и строга хиерархиска структура, но истовремено, во голема мера, се служела со информацискатa технологија во внатрешноста на групата.

Концепцијата на мрежното војување е конзистентна со обрасците на случувања на Блискиот Исток, каде што е очигледно дека новите и активни терористички организации ја усвојуваат децентрализираната флексибилна мрежна структура, која им овозможува преобразба од формално организирани и државно спонзорирани терористички организации кон приватно финансирани неформални мрежи. Ако е повисоко нивото на мрежната организираност на терористичката организација, се јавува поголема веројатност информацискатa технологија да се користи како потпора во процесот на мрежно одлучување. Најновите достигнувања на информациските технологии им овозможуваат на вмрежените терористички организации побрз, поевтин и посигурен проток на информации. Преку прифаќање на информацискатa технологија за одлучување, се зголемува веројатноста дека терористичките организации ќе користат иста технологија како средство за напаѓање (со цел за попречување на нормалното функционирање или уништување).

Потенцијалната моќ на Петтата генерација на војување беше демонстрирана во бомбашките напади во Мадрид во 2004 година. Во оваа пригода, серија масовни бомбашки напади на транспортната инфраструктура, која ја предводеа мрежно поврзани терористички групи, во еден единствен ден, и тоа во екот на националните избори, резултираа со вонредна состојба во Владата во Шпанија и влијаеја на моментално повлекување на шпанските воени сили што беа ангажирани во воена кампања против бунтовниците во Ирак.

Бомбашките напади во Мадрид се значајни од причини што терористите, кои стоеја зад нив, беа главни дилери на дрога и дел од наркомрежата што се простираше од Мароко, преку Шпанија и Белгија, до Холандија. Додека почетните процени за цената на бомбите што беа употребени се движеа од околу 50 000 фунти, вкупната заработка откриена во дрога и во готови пари, а која се поврзуваше со овие напади, достигнува вредност од повеќе милиони фунти. При ова, се дојде до сознанија дека групата што ги изврши терористичките напади е дел од транснационална криминална организација. Со ваквото ангажирање, се демонстрира дијалектичката предност на Петтата генерација на војување над веќе познатите методи на војување од Третата и од Четвртата генерација на војување.

Формата на организација на мрежната војна наликува на „ѕвезди“ што имаат некои централизирани елементи или на „синџири“ што се линеарни или на „сеповрзана“ мрежа, во која секој основен контакт комуницира или влегува во интеракција со секој од другите контакти.



Слика – Основни типови и нивоа на мрежи (Arquilla, Ronfeldt, 2001)

1. **Мрежа во форма на „синџири“** - комуникацијата помеѓу краевите на мрежата се одвива преку посредници, односно „ѕвезди“. Оваа форма може подеднакво да ја користат терористичките организации и структурите на транснационалниот организиран криминал преку синџир за криумчарење, во кој луѓето, добрата и информациите патуваат по линија што се состои од одвоени контакти/„ѕвезди“ и каде што комуникацијата од едниот до другиот крај на линијата мора да помине низ сите делови на „синџирот“.

2. **Мрежа во форма на „ѕвезда“** – комуникацијата и координацијата меѓу припадниците на мрежата се одвиваат преку централната „ѕвезда“ или јазол. Овој вид форма на организација е експлоатиран од страна на организацијата на наркокартелот, каде што членовите на криминално-терористичките организации се поврзани со центарот или со главниот организатор, односно преку него мораат да комуницираат и да ги координираат сите свои активности.

3. **Поврзана/канална мрежа** претставува соработничка мрежа на повеќе меѓусебно поврзани помали групи. Мрежата на милитатните групи го применува овој облик на мрежно организирање (Arquilla, Ronfeldt, 2001).

Може да се заклучи дека најтешко се организира и се одржува поврзаната/канална мрежа, која бара честа комуникација, но таа воедно нуди најмногу можности за спроведување заеднички операции, односно таа претставува мрежен облик што најмногу ќе просперира од информатичката револуција (Howard, 2004). Во поврзаната мрежа хиерархијата не е изразена или воопшто не постои, а во внатрешноста на структурата може да фигурираат повеќе лидери и, поради тоа, донесувањето одлуки и, понекогаш, самото дејствување се децентрализирани. Оваа предност им овозможува автономија и ја поттикнува иницијативата на помалите групи. Но, тука се јавува и опасноста дека таквата организација може да остави контрадикторни впечатоци што се движат од анархичност до повеќекратна организираност. Успешното

функционирање на овој мрежен облик треба да се согледа во неговата потреба за постоење заеднички интереси и цели, односно постоење доктрина или идеологија, чии стојалишта ги прифаќаат сите контакти/ѕвезди.

Секоја форма на мрежна организација, според потребата, може да биде приспособена кон различни услови и намена. „Ѕвездата“ или контактот може да биде претставен преку поединец, група и/или институции (или нивни дел) и држава, додека границите на мрежата може да бидат јасно одредени, но може да бидат и недефинирани, односно невидливи и порозни во однос на надворешното опкружување. „Ѕвездите“ на мрежата се, повеќе или помалку, поврзани во одредено членство каде што сите комбинации се можни.

Покрај трите основни мрежни организациски форми, постои можност за комбинирање, кога настануваат хибридните форми.

– Мрежниот актер може да ја организира својата група како поврзана мрежа, а истовремено да ја користи мрежата во форма на „синџири“ и мрежата во форма на „ѕвезда“ за изведување тактички операции.

– Терористичките и организираните криминални организации што се хиерархиски структурирани може да се користат со мрежни организациски форми за спроведување тактички операции.

– Мрежните организирани терористички и организирани криминални организации во облик на поврзана/канална мрежа може да се служат со хиерархиски организирани тимови за реализирање тактички операции (Howard, 2004).

Конкретен пример за хибриден облик на мрежа е терористичката организација ал-Каеда, односно комуникацијата меѓу припадниците на таа мрежа, која се остварува со комбинација на мрежата во форма на „ѕвезда“ (кога контактите, оперативците комуницираат со лидерот и со неговите блиски соработници во Авганистан) и со поврзаната/канална мрежа (кога контактите на мрежата меѓусебно комуницираат без консултирање на лидерот на организацијата) (Simon, Benjamin, 2000).

„Познатите непријатели што ги модифицираат структурите и стратегиите за да ги искористат мрежните дизајни ги вклучуваат транснационалните терористички групи, распространувачи на оружје за масовно уништување на црниот пазар, наркогрупи и други криминални групи, фундаменталистички и етнонационалистички движења, лица што вршат пиратерија и шверцери на имигранти и на бегалци.“ Благодарение на информатичката револуција насекаде низ светот, членовите на мрежите не мораат лично да се среќаваат. Од перспектива на терористите, поради тоа, безбедноста е подигната на повисоко ниво, а една организација може да има поддржувачи низ целиот свет. Овие актери, главно, се состојат од дисперзирани групи, кои се согласуваат да комуницираат и да дејствуваат можеби и без централно лидерство или седиште. Се претпоставува дека хиерархиските организации, какви што се државите,

може да бидат несоодветно опремени за да се справат со едни такви организациски иновации (Arquilla, Ronfeldt, 2001).

Меѓународните криминални организации воспоставија софистицирани техники, маркетинг и дистрибуција и потполно се способни да употребат висока технологија за да ги постигнат своите цели. Новитетот од работата во мрежа наречена „лабави фамилии“ им овозможува да се одбранат од применувањето на законот, вешто вршејќи многубројни активности на граница помеѓу дозволеното и недозволеното (Centre for Strategic and International Studies 1994).

Иако транснационалните криминални организации и глобалните терористи имаат креирано внимателно дизајнирани стратегии со кои ќе постигнат одредени цели, целите, сами по себе, се тешки за остварување. Во центарот на овој напор да се дојде до промени е изборот на цели и на оружје. Сепак, терористичките напади е најдобро да се сфатат како финален резултат на повеќе активности што вклучуваат зголемување на фондовите, регрутација, обука, развивање специјални вештини и подготовки пред напад што може да трае со месеци, па дури и со години. Во случајот на криминалните организации, целта е финансиски профит. Со цел да се задржат ваквите добивки, криминалните организации развиваат нелегални бизнис-стратегии. Во исто време, затоа што продуктите и активностите се незаконски и за нив не важат официјалните бизнис-правила, мора да се преземат мерки да се справат со ризикот, без разлика дали е од страна на немилосрдната конкуренција што се бори да го заземе пазарот или од владата и органите на законот што настојуваат да ги оттргнат од бизнисот. Процесот на справување со ризикот се состои од повеќе нивоа и вклучува стратегии за избегнување и за превенција на ризикот, напори да се победи или да се контролира ризикот и олеснувачки стратегии. Избегнувањето на ризикот често се прави преку јурисдиктичка арбитража, во која криминалните организации оперираат од земји каде што државата е слаба и неефикасна за борба со нив. Онаму каде што земјата се соочува со организиран криминал, стратегиите на криминалците за справување со ризикот вклучуваат употреба на корупција и насилство за да го неутрализираат криминалниот правен систем до заобиколување на границите и контрола над имиграцијата и, конечно, да се искористат слабостите на државата и да се задржи безбедноста на територијата. На третото ниво, криминалните организации спроведуваат стратегии за да се намали штетата и да се зголеми издржливоста. Една компонента од оваа стратегија е прифаќање на мрежните структури што се подготвени за групирање и за обнова во случај на уништување некој од деловите на мрежата (Baylis at all, 2022).

Согледувајќи ги предноста и примената на мрежните организациски форми, мора да се земе предвид дека, иако мрежните актери имаат корист од зголемената брзина и намалената цена на комуникациите, како и од широката вмреженост, целосната примена на потребните технологии е проблем за географски широко дистанцирани припадници на мрежите. За мрежното функционирање може да бидат доволни и „старите“ начини на комуникација,

како, на пример, посредник – курир или преку комбинација на „новите“ и на „старите“ начини на комуникација. Потребно е да се забележи дека мрежното војување не претставува интернет-војување, односно тоа не се одвива само во киберпросторот, а начинот на водење и вкупните резултати на мрежната војна зависат од случувањата во реалниот свет.



Во многу аспекти, транснационалните врски се идеална организација за криминалните и за терористичките дејства во глобализираниот свет. Мрежите се распространети и, иако сите имаат свој центар, транснационалната распределба го отежнува процесот на државите да го нападнат нивниот центар на гравитација.

Резултатите од истражувањата на моделите и трендовите на активности ја потврдуваат хипотезата дека „новиот“ тероризам еволуира кон мрежно дејствување – војување, со оглед на тоа дека:

- сè поголем број терористички организации ги прифаќаат мрежните форми на организација и притоа сè повеќе ја користат информацискатa технологија;
- терористичките организации (оние што се основани во осумдесеттите и деведесеттите години на 20 век) се подлабоко вмрежени за разлика од терористичките организации со долга традиција;
- помеѓу степенот на активност на терористичките организации и степенот на прифаќање на мрежните форми на организација постои позитивна корелација. Во прилог на ова тврдење се новите и помалку хиерархиски организирани терористички организации, како што се Хамас, Палестинскиот исламски џихад, Хезболах и ал-Каеда, кои воедно станаа и најактивни терористички организации;

- еднаква е веројатноста дека информацискатa технологија ќе се користи како организациска потпора и како средство за напаѓање при војување;
- поголема е веројатноста дека новорегрутираните припадници на терористичките организации се поопособени за користење нови технологии, што имплицира дека во иднина ќе бидат подлабоко вмрежени и повеќе ќе ја користат информатичката технологија.

2.1. Потенцијално преклопување на мрежите на транснационалниот организиран криминал и на тероризмот

Ова поглавје се осврнува на врските помеѓу криминалните групи и терористите и потенцијалното поклопување на нивните мрежи. Анализата за транснационални криминални организации и терористички организации, односно за развојот и организациските мрежи помеѓу и во рамките на овие организации на преклопувањата на мрежите е значајна за импликациите за противтерористички политики и акции.

Тоа што и криминалните организации и терористичките организации заеднички ги користат принципите на мрежи не значи дека терористичките и криминалните мрежи или организации секогаш се преклопуваат. Постоењето работни релации меѓу некои терористички групи резултира во релативно ниско ниво на соработка како безбедни засолништа, патни документи, оружја, информации и слично. Се разбира, важно прашање е дали овие мрежи за делење информации меѓу некои терористички групи се прошируваат на вистинските мрежи на терористички групи со криминални организации и дали оваа соработка подразбира каков било координиран напор кон долгорочни организациски алијанси, здружувања или трансформации.

Генерално, мрежната организација е помалку хиерархиска и, затоа, порамномерна од традиционалната организација. Појавните комуникациски структури (за разлика од формалните врски) се адаптивни и соодветни, комуникациските врски ги надминуваат организациските нивоа и ограничувања и врските избледуваат. Врските се градат и се рушат врз основа на потребите за постигнување на мисијата/задачите на организацијата. Мрежната организација се стреми да биде информациски богата и технолошки софистицирана толку колку што врските се креирани да произведуваат, делат, чуваат и да добиваат различни информации и перспективи. Тоа е помалку стабилен систем дизајниран за средини што исчезнуваат.

Создавањето и распаѓањето на мрежите сугерираат континуирана реконфигурација на организациското структурирање. Мрежните организации често се мешаат со стратегиски алијанси меѓу организациите (Stohl, 2008).

Стратегиските или тактичките алијанси претставуваат намерно и формално поставени односи создадени помеѓу две или повеќе организации и во секоја организација. Комуникациската структура може, но не мора, да биде

хиерархиска и бирократска, механичка и стабилна. Овие алијанси се генерално креирани да следат определени идентификувани дополнителни цели, но се дизајнирани да одржуваат независност од организациите додека се поврзани. Во стратегиски или тактички алијанси секоја организација се стреми да има одредени улоги и ако има простор за појавни врски. Стратегиската алијанса може да се разбие со малку влијание врз внатрешната динамика на секоја организација вон заедничкиот стремеж кон определена цел.

Мрежите може да варираат во големина, облик, членство, кохезија и цел. Мрежите може да бидат мали, локални или глобални, национални или транснационални, кохезивни или дифузни, централно водени или високодецентрализирани, со резултат или без дирекција. Специфичната мрежа може да биде стеснета или цврсто фокусирана на една цел или да е широко ориентирана кон повеќе цели и може да биде или ексклузивна или сеопфатна во своето членство.

Терористичките групи воспоставиле во целиот свет врски и мрежи, обезбедувајќи соработка помеѓу национални и меѓународни терористички организации во форма на финансиска и на техничка поддршка (Stohl, 1983). Централни проблеми во мрежната литература за терористички организации сè уште се појавуваат денес.

Прво, без оглед на инхерентниот механизам и појавната флексибилност вградена во терминот мрежа, јавните креатори на политики ги разгледуваат терористичките мрежи како хиерархиски организирани и централизирани бирократии.

Второ, тајната природа на терористичките мрежи му овозможува на политичкиот опортунизам да наметнува компромис за релијабилноста и за валидитетот на граничните спецификации, извештаи за поврзаност и последователни заклучоци (Stohl, Stohl, M2007).

Робусноста и еластичноста на терористичките мрежи не се основани на многубројни врски што испраќаат или примаат информации, туку на одржуваната можност да мобилизираат и да анимираат, како актуелни така и идни борци, поддржувачи и симпатизери преку овие врски (Hoffman, 2003). Иако истражувачите на тероризмот долго време биле свесни дека терористичките мрежи што издржале низ времето се врзани со етнонационални или борби на заедницата, продолжени конфликти, политички настани или перципирани историски нееднаквости.

Додека оние што го посвојуваат мрежниот јазик честопати нагласуваат дека современите организации не се веќе структури што се поврзани заедно низ познат синџир на наредби и дека мрежите се повеќе хоризонтални отколку вертикални. Кога се дискутира за создавање цели, мотиви и можности, тие честопати паѓаат во неколку хиерархиски претпоставки

(а) мрежните идентитети и улоги се фиксирани и константни,

(б) мрежите оперираат според формални и недвосмислени правила и

(в) овие правила ограничуваат како членовите на мрежата се однесуваат, дефинирајќи и лимитирајќи што е дозволена, а што недозволена акција.

Мрежите треба да се разберат како привремени, динамични, појавни, приспособливи, претприемачки и флексибилни структури. Иако се организирани околу пазарните и хиерархиските принципи, мрежните организации се креирани од комплексни мрежи на размена и зависни врски меѓу многубројни организации (Monge, Contractor, 2003). Во зависност од зоните на нивната соработка, тие може да ги поминат националните ограничувања и така да оперираат во многу различни социјални милеа и на многу различни начини. Постојат, исто така, и некои историски тензии. Утврдените организирани криминални организации се високонационалистички. Криминалните организации Јакуза или Мафија, на пример, може да формираат еднократни краткотрајни или долготрајни алијанси. Колку е поцврсто структурирана утврдената организација, толку е поверојатно таква организациска структура да преовладее.

Со други зборови, за мрежниот пристап да биде корисен, не можеме да размислуваме за мрежната структура дека има јасна команда и контрола со некои врски за давање наредби на другите. Терористичката мрежа е нексусот на повеќе групи и конституенти што се поврзани на значајни, но нехиерархиски начини и може единствено да се разберат во контекст. Се разбира, ова го прави прашањето на дефинирање и на определување мрежни ограничувања многу важно. Како ги определуваме границите кој е во мрежата, а кој не е, има критички значајни политички импликации.

Јасно е дека секогаш кога ќе се занимаваме со тајни организациски мрежи, валидноста на податоците ќе биде во прашање (дури и највнимателните разузнавачки агенции и полициски служби во светот ќе треба да направат претпоставки и да извлечат заклучоци од многу некомпетентни и сомнителни податоци. Исто така, новинарите мораат често да ги пишуваат своите написи од материјал обезбеден од владини службеници или од терористи или симпатизери што обезбедуваат материјали за сопствени цели.).

Решението на дилемата за спецификација на ограничувањата лежи во нашата можност за идентификација на конститутивните карактеристики на организациската комуникација, во смисла на координација, контрола и на интеграција на членство – колаборативен интерфејс, кој резултира во систематичка структура што е значајна и препознатлива. Накратко, нужно е да се биде способен да се разликува помеѓу можноста „да се поврзува мрежно“ од способноста да се мобилизираат, контролираат и да се координираат членовите на специфично планиран акт. Ова значи дека не сите акти на мобилизација се еднакви во своето значење.

Можеби најважните разлики меѓу групите се природата на нивните цели и целта на насилството што го употребуваат.

Некои мрежи се градат врз релации на хомофилност (семејство, пријатели, идентитет). Споредувањето со етнички базираните терористички организации, како што се Хамас, Хезболах и баскиската ЕТА, со мултиетнички терористички групи, како што се ал-Каеда и Аум Шинрикјо, ја истакнува критичката важност на разликување помеѓу глобални и локални мрежи. Хамас и други етнички базирани организации формираат ќелиска структура компонирана примарно од хомофилни врски (пр. клан или група од етнички членови) (Norton, 1998). Конспираторите не формираат многу нови врски вон мрежата и често ја минимизираат активацијата на постојните врски во мрежата. Цврстите врски, кои остануваат често скриени, се фреквентно формирани години претходно во училишта и кампови за обука и ја држат ќелијата поврзана. Многу вакви организации, исто така, ги регрутираат своите членови само од познати отколку од затворени кругови на потенцијални учесници, на пример, од семејство или клан и зависат од роднински врски што им обезбедуваат доверба.

Криминалните мрежи базирани на етницитет се генерално лоцирани во етнички заедници што нудат бази/засолништа и константно снабдување со регрути. Кога овие етнички заедници ќе се прошират вон националните граници, стратегиска алијанса меѓу групите може да се развие. На пример, албанска криминална организација ги користеше сопствените криминални профити да купи оружје и воена опрема за Косовската ослободителна армија – но може да се тврди дека нивната етничка национална религиска идентификација беше нивна мотивација што му асистираше на нивното прекугранично „братство“ (Makarenko, 2004).

Други мрежи се градат врз основа на хомофилноста на определена вредност и „истомисленост“. Ако терористичките и криминалните организации се согласат да соработуваат, тие најверојатно ќе се соочат со разликите во врските што ги имаат доближено заедно во нивните две различни мрежи, вклучувајќи го не само профитот версус политичкиот мотив туку и формите на врски што ги поврзуваат потенцијалните регрути. Кога организациите се конституирани од униплекс идеолошки врски (компарирано со мултиплекс врските и идеолошките линкови), тие може, исто така, да бидат репродуцирани и заменети од многу поголем број потенцијални регрути. Нивните ограничувања се, исто така, многу повеќе попустливи. Исто така, ако членовите се повеќе „идеолошки поврзани“ отколку „идеолошки/идентитетно поврзани“, тие не развиваат структура на мал свет и, како такви, случајната деструкција на ќелијата ги остава овие типови организации повеќе повредливи.

Довербата е хроничен проблем за која било тајна организација, вклучувајќи ги и организираниот криминал и терористичките организации. Така, ваквите организации, во своите напори да избегнат казна и да преживеат, внимателно ќе ги скенираат своите шеми на регрутација, потпирајќи се повеќе

на силни отколку на слаби врски и често бараат тест на лојалност или верност. Постоењето „цврсти врски“, како и трајни односи базирани на високо ниво на доверба, заемна почит и заеднички грижи е карактеристично за алијансите што се формираат помеѓу транснационалните криминални и терористички организации, но, исто така, се повеќе минливи, односи базирани на краткотрајни случајни интереси (Williams, 1999). Тајните мрежи веројатно ќе формираат тактички еднократна или многу краткотрајна конекција отколку поврзаност или чиста алијанса за да ги намалат шансите од пенетрација. Во многу случаи, поврзувањето ќе биде директно поврзано со семејството или со сродството – многу италијански мафијашки групи се сè уште организирани преку семејни врски, додека турската трговија со дрога и криминални организации е сè уште базирана на кланови. Други поврзувачки механизми ги вклучуваат етницитетот и заедничкото искуство во кое учесниците развиваат силно чувство на доверба и заемно потпирање. Членовите на тајните мрежи првенствено се потпираат на претходно формираните мрежи што ја формирале организацијата – основа на која тајното здружение е формирано (силни врски) за да компензираат за ризикот кога се во интеракција со екстерни индивидуи и групи (Morseli at. all, 2007).

Централизираните и децентрализираните мрежи манифестираат висок степен на ранливост, додека распространетата мрежа е флексибилна да опстане во случај некои од компонентите на мрежата (терористички или криминални групи) да бидат откриени, кога веднаш се пронаоѓаат алтернативни патеки, со цел непрекинато функционирање на системот, т. е. криминалната или терористичка организација. Ова е една од причините зошто е толку тешко да се допре до криминална или терористичка мрежа што поседува, односно има карактеристики на распространета архитектура.



Слика – Видови мрежи

Кога се работи за овој вид мрежа, каде што се очекува вистинско влијание, неопходно е да се нападне постојната група, со најголем број концентрирани врски. Ако не се идентификува вистинската група или не се успее во намерите да се елиминира, мрежата е способна многу брзо да се реконфигурира, како, на пример, мрежата на ал-Каеда, која себеси се реконструира на различни нивоа и во различни региони (Badia, Dalmases, 2010)

Комплексноста на овие мрежи се согледува преку лесното еволуирање во други понапредни форми што се многу ефикасни во размена на информации и се тешки за откривање, додека нивната топологија е способна да се адаптира на променливите околности и да ги разреши препреките со цел да ги реализира зацртаните планови.

Солидно организираните криминални и терористички компоненти на овие мрежи јасно ги демонстрираат овие предности. Комуникацијата е можна на хоризонтално ниво меѓу повеќекратните контакти, овозможувајќи им локално решавање на проблемот без да го пријават на командниот центар, и со тоа ги надминуваат вертикалните линии на комуникација. Оваа флексибилност и локална иницијатива на распространетите мрежи го покажуваат контрастот со ригидноста на хиерархиите, кои не се доволно приспособени, туку најмногу се способни за реализирање контрола (Sageman, 2004)

Првата категорија на мрежи е тесно поврзана мрежа (small-world network), која се карактеризира со кратка должина на патеките меѓу компонентите на мрежата што се нарекува дијаметар д. Тоа е генерално прифатен математички модел, конструиран со поврзување на секоја група во мрежата. Поради случајните врски во оваа мрежа, дури и многу голема мрежа може да има мал дијаметар (Watts, Strogatz, 1998). Анализата на оваа категорија на мрежи е комплицирана поради многубројноста на врските што се воспоставуваат. Најкратката патека во мрежата не е таа што математички се обработува со помош на алгоритми бидејќи индивидуата типично во дадена општествена мрежа има целосно разбирање на сопствената локална мрежа, но има ограничено знаење за глобалната мрежа (Dodds at.all, 2003)



Слика – Тесно поврзана мрежа (small-world network)

Разбирањето на мрежните динамики може да помогне за напаѓање на многубројноста на терористичките ќелии. Терористичките мрежи се многу повеќе од едноставни општествени мрежи; тие вклучуваат знаење за мрежи, задачи на мрежи и извори на мрежи (Carley, 2002). Ова ја надминува, односно ја проширува науката за контратероризам подалеку од анализирање на општествените мрежни врски, овозможувајќи комплексна слика на целата мрежа што вклучува финансиски и експертски мрежи.

Мрежата на теорија еволуирала од 1990, преку опишување на мрежите како статички феномени до разгледување како системи што постојано растат, од случајни мрежи до мрежи во кои се дистрибуира моќта.



Слика – Случајни и слободни мрежи

На Сликата се прикажува дистрибуцијата на случајна мрежа, која ја следи кривата што демонстрира дека повеќе контакти на мрежата имаат ист број врски, додека групи со голем број врски не постојат (Barabási, 2003). Спротивно, слободната мрежа го почитува законот на моќта, каде што мал број контакти го поседуваат мноштвото на врски/линкови во системот[3]. Најпрво, нови линкови може да се појават, односно да се формираат меѓу постојните членови на мрежата. Оваа појава имплицира дека криминалците или терористите што претходно не биле поврзани може да се поврзат во иднина (Xu, Chen, 2008) Поради контактите што имаат висок степен на поврзаност, слободните мрежи, исто така, може да бидат перципирани како поткатегорија на тесно поврзаните мрежи (small-world networks) (Mitchell, 2007). Корисноста на слободните мрежи, каде што се почитува децентрализацијата на моќта, се согледува во способноста да презентира опис на реалните светски мрежи, што е, исто така, признавање дека најголем број на вистинските мрежи се отворени системи што континуирано растат и привлекуваат сè поголем број контакти (Réka, Barabási, 2002). Слободниот мрежен модел може да поднесе висок степен на случајно

[3] Овој закон на моќта е сличен на Парето Принципот или 80/20 правило, каде помалку од 20% на поединци контролираат 80% од претпоставената област.

отстранети контакти, додека целата мрежа брзо се деградира кога најмногу контакти (поединци, групи) се отстранети/ елиминирани. Овие анализи се неопходни за истражување на мрежите бидејќи сугерираат дека случајното елиминирање терористички или криминални индивидуи или групи може да продолжи бесконечно, сè додека најповрзаните единки преживеале. Ова ни покажува како терористичките мрежи закрепнуваат по одредени напади, поради фактот дека тие сè уште имаат способност да привлечат нови регрути/приврзаници/следбеници и можат да одржат трансактивна меморија, како што претставуваат прирачниците за обучување терористи или одредени датабази (Tsvetovat, Carley, 2003).

Третиот модел – ќелискиот е составен од мали кластери на центри, понекогаш нарекувани ќелии[4], кои се поврзани меѓусебно на лабав начин или се поврзани со централниот контролен кластер или центар. Секој кластер е поврзан со секоја индивидуа/група во внатрешноста на кластерот. Како мрежен модел, ќелиската мрежа може, исто така, да покажува карактеристики на мрежа small-world бидејќи секој контакт на мрежата може да биде достигнат со релативно мал број линкови.



Слика – Ќелиски мрежен модел

Како организациски модел, ќелискиот дизајн е најсоодветен за прикриените групи (криминални и терористички), во споредба со претходните два модела, поради потребата за максимизирање на безбедноста. Пет карактеристики се апликативни за ќелиските организации:

1. целата мрежа претставува поврзана компонента;
2. мрежата е редунтантна на секое ниво;
3. мрежата е мала и динамична на локално ниво;
4. мрежата не се раководи преку контрола, туку преку лидерство засновано на намери и
5. организациската структура не е слободна одлука, туку неопходен одговор заснован според безбедносните ограничувања (Tsvetovat, Carley, 2007).

[4] Забелешка: Ќелијата претставува најмала независна функционална единица (индивидуа или група).

Со цел да ги реализираат нападите, терористичките ќелии имаат потреба од ресурси, информации за целите, експертиза за оружје и набљудување, локации на кои ќе се засолнуваат, како и луѓе што ќе ја извршуваат мисијата. Како резултат на тоа, аналитичарите мораат, исто така, да ги анализираат и да ги определат дополнителните мрежи, со цел да развијат покомплетно разбирање за тоа како тече работата низ мрежата. За среќа, овој концепт на „тек на работа“ се заклучува од социјалните мрежи ако е обезбеден дополнителен контекст (Moon at all, 2008).

Ова води кон наведување метамрежа, која е мрежа од мрежи. Оваа метамрежа има две дефинирачки карактеристики, кои се дека е мултиконтактна, со неколку различни суштински класи како агенти, акции, локации и така натаму, како и мултиплекс, со неколку различни типови конекции како финансиски и директива (Carley, 2006). Тие се исто познати како бипаритни мрежи, каде што контактите од иста класа не се поврзани едни со други, туку, наместо тоа, се поврзани со контакти од различна класа,-.

Една тешкотија во додавање на метамрежите на глобалното терористичко движење е тоа дека мрежите не постојат изолирано од општествата што ги населуваат. Иако тие може да бараат да ја максимизираат безбедноста, не сите терористи може да се кријат во пустина додека да одлучат да изведат напад на друга држава или цел. Поради тоа што определен терорист може да припаѓа на повеќе од еден социјален круг, тие може да имаат повеќе од една припадност, што, исто така, значи дека терористичките групи се вградени во определен степен во општеството од кое потекнуваат. Ова се должи на пресекот на нивните различни припадносни мрежи базирани на нивната способност да припаѓаат на повеќе од една група (Duncan, 2003).

Поврзување на системот е тешко во вакви околности. Од друга страна, пак, релативно е лесно да се додаде метамрежна анализа во релативно изолирана племенска заедница. Племенската заедница има комплексни, но релативно самостојни социјални, економски, воени и разузнавачки мрежи. Ваков самостоен метамрежа опис на племенските заедници може да помогне во објаснувањето зошто овие групи може брзо да се адаптираат за воени акции (Reed, 2007). За жал, овој факт на динамични мрежи го компликува разбирањето на мрежите како прво бидејќи тие може да се променат од минута во минута (Strogatz, 2001).

Истражувањата посочуваат два типа динамики, кои имаат цел целосно да разберат како мрежите еволуираат во текот на времето. Видот на динамиките што најмногу се употребуваат во социјалните мрежни анализи се тие што се занимаваат со природата на интеракциите меѓу контактите, како последица од мрежната структура што е наречена динамика на мрежата (Duncan, 2003).

Оваа категорија раководи со тоа како контактите реагираат еден со друг базирани на целокупната структура на мрежата. Вториот вид мрежна динамика, динамики на мрежата, раководи со промените на мрежната структура и со

еволуцијата на таа структура. За терористичките мрежи, динамиката на и во мрежите се примарно раководени од регрутирање агенти. Како што контратерористичките сили ги извлекуваат терористите од мрежата, динамиката на мрежата диктира како луѓето ќе дејствуваат меѓусебно во новата намалена структура. Ако безбедносните структури убијат важен член на терористичката ќелија, другите агенти мораат да ги користат другите постојни врски за да продолжат да комуницираат и да водат операции. Многу од постојните истражувања, кои може да се аплицираат на динамиката на терористичките мрежи, се базирани на информациските мрежи, како интернет, кои рутински се соочуваат со критични контакти.

Мрежна (networked) природа – клучни карактеристики

1. **Децентрализација и модуларност**
    - Организациите работат како мрежи од автономни ќелии/јазли што можат самостојно да дејствуваат, но и да се координираат кога е потребно. Ова ги прави потешко ранливи на „удари“ против единични лидери.
2. **Хибридизација (слевање на функции)**
    - Терористички групи преземаат криминални практики (трговија со дрога, криумчарење, изнуди), додека криминални мрежи користат политички/идеолошки покритие за свои операции.
3. **Фацилитаторски мрежи**
    - Мрежи на посредници: корумпирани службеници, фиктивни бизниси, логистички оператори и криминални посредници (smugglers, money mules).
4. **Технолошка зависност и изборни алатки**
    - Енкриптирани апликации, darknet платформи, криптовалути, GenAI за автоматизација/пропаганда.
5. **Паралелни легални и нелегални економии**
    - „Преминувување“ на нелегални приходи низ легални бизниси за перење пари и финансирање активности.
6. **Транзитивна и дијаспорска логистика**
    - Дијаспори и мигрантски мрежи што се искористуваат за финансирање, логистика и прикривање на движења.

ГЛАВА III

КОНЦЕПТОТ НА ТЕРОРИСТИ ВОЛЦИ САМОТНИЦИ

Природата на тероризмот значително се промени во текот на последната деценија. Во последниве години, феноменот на таканаречениот тероризам волци самотници се зголеми со сѐ повеќе и повеќе напади извршени од страна на поединечни актери. Промената на природата на тероризмот предизвика дебата за тоа како точно да ги опишат поединците што дејствуваат независно од синџирот на команда на терористичката организација. Концептот на осамениот волк треба да се преиспита и приспособи на променетите околности. Целта на оваа Глава ќе биде фокусирана на една од најнепредвидливите форми на терористички акти – оние што ги извршил еден поединец, т.н. „волк самотник“. Политички, концептот осамен волк се користи за да се увери јавноста и да се каже дека опасноста веќе не е иманентна. Најтешкиот дел во откривањето на волк самотник е дека нивните напади се случуваат во контекст на повеќе идеолошки рамки и не се ограничени само на една група или систем на верување. Во моментов, има повеќе прашања отколку одговори за содржината и валидноста на концептот на волци самотници, но треба да бидеме свесни дека надворешните услови се променија, а старите одговори можеби веќе не се соодветни на денешниот тероризам реализиран од еден поединец.

Неодамнешните настани доведоа до зголемено внимание на релативно ретката форма на тероризам: терористи волци самотници што планираат и спроведуваат напад без помош од други. Тие се гледаат себеси како претставници на некоја поголема група или кауза и може да имаат некое искуство во група, организација или општествено движење поврзано со оваа причина.

Тероризмот „волци самотници“ се перципира како сериозна закана по јавната безбедност во последните неколку години, со оглед на фактот дека оваа појава се интензивира со алармантна брзина.

Концептот на терористи „волци самотници“ е сѐ позачестен привлекувајќи внимание од страна на медиумите како „нова“ и „опасна“ закана. Тој претставува растечки феномен, додека истражувањата на оваа тема се со одредени недостатоци, бидејќи овој вид насилство е еден од најмистериозните и непредвидливи облици/форми на тероризам.

Дефинирање на концептот

Терористите волци самотници ги ризикуваат сопствениот живот и слобода за својата кауза. Зошто некој поединец ќе го преземе овој ризик? Генерално, зошто кој било поединец ќе одлучи да се жртвува за некоја причина?

Одговорот на овие прашања бара, пред сè, длабинско, базирано на докази разбирање на еволуцијата на тероризмот волк самотник, радикализацијата на осамените волци и општествено-политичките контексти во кои се наоѓа феноменот. Овој труд има за цел да обезбеди таков увид. Притоа, трудот се обидува да понуди значајни чекори кон превенција преку обезбедување нови начини на размислување и одговор на тероризмот волк самотник. Ова бара јасна дефиниција на феноменот, односно како се разликува овој вид тероризам од другите видови тероризам.

Прецизна дефиниција на терорист волк самотник е императив, особено затоа што терминот често се злоупотребува или се користи непрецизно. Во овој труд поимот „терористи волци самотници“ се однесува на терористички акции извршени од лице поединец, наспроти оние извршени од страна на терористички организации или државноспонзориран тероризам. Елементот на тероризмот што е истакнат во оваа разлика – имено, субјектот што извршува терористичко насилство (поединец) – следува во традицијата на истражувачите што го дефинираат осамениот волк како „личност што дејствува сама по себе без наредби или врски со одредена организација“ (Burton, Stewart, 2008).

Според оваа формулација, осамен волк не е оној што прави конспирација со други во обид да изврши тероризам. Осамениот волк е осамен по природа и претпочита да дејствува сосема сам, иако неговата или нејзината радикализација кон акција може да биде поттикната од насилни медиумски слики, книги што поттикнуваат на насилство, манифести и фатви.

Во овој труд радикализацијата е дефинирана како процес со кој поединците усвојуваат екстремни ставови, вклучувајќи верувања дека треба да се преземат насилни мерки за политички или верски цели. Додека дејствува независно, волкот самотник е сепак политичко суштество што не извршува чисто егоцентрични цели (Hoffman, 2006).

Не постои професионален консензус за дефинирањето на терористите волци самотници, а некои научници целосно го отфрлаат овој термин. На пример, Џонатан Вајт (2003) тврди дека терминот има мала практична вредност. Тој забележува дека „некои волци самотници подобро е да се перципираат како вистински екстремисти што веруваат дека одат надвор од ограничувањата“, односно „терминот ги слави нивните постапки и не треба да се користи.“ Вајт не е сам во својата критика. Истражувачот за тероризам Брајан Џенкинс (2011), исто така, тврди дека „терористот волк самотник“ е „романтичен термин што наведува на зајадлив и смртоносен сторител“, и кога тоа не е секогаш случај. За да се избегне оваа претпоставена глорификација, истражувачите честопати се осврнуваат на овој феномен со такви псевдонаучни зборови како „тероризам со еден актер“, „тероризам соло актер“, „тероризам со еден актер“, „изолиран тероризам“, „самостоен тероризам“, „идиосинкратичен тероризам“, „осамен одмазднички тероризам“ или „терор на осаменик актер“.

Некои експерти користат широка дефиниција на терорист волк самотник во однос на мотивите и бројот на сторителите што се вклучени. Џефри Симон (2013) го дефинира како кривично дело со употреба на насилство врз

владата, општеството, бизнисот или војската од страна на индивидуално дејствување или со минимална поддршка од еден или двајца други луѓе за остварување политички, социјални или финансиски цели. Оваа дефиниција го вклучува она што Симон го нарекува „криминален волк самотник“ или „оние што го извршуваат нивното насилство за чисто лична или финансиска добивка.“

Додека идеолошката мотивација на волкот самотник делумно објаснува зошто овој феномен добил хиперболичко внимание во академските кругови, токму самиот статус на „осаменик“ го прави овој терорист уникатен, слабо разбран и, што е најважно, непредвидлив во неговиот или нејзиниот избор на цели за насилство. Поради недостатокот на терористички тренинг и логистичка поддршка, волците самотници обично ги избегнуваат тешките цели (како што се добро зајакнати владини згради) во корист на поедноставни напади врз делумно обезбедени меки цели (како што се јавни собири). Овие карактеристики го разликуваат тероризмот извршен од неповрзани поединци од оние што се направени од поширок радикални движења. Далеку повеќе од фигура на говорот, тогаш концептот на „терорист волк самотник“ е епистемолошко препознавање на методите, валидноста и обемот на оваа посебна форма на политичко насилство.

Пол Гил (2015) идентификува три категории:

1. индивидуални терористи што тренираат сами и ги избираат сопствените цели;
2. лица што добиле обука од терористички организации и им биле дадени цели за напад;
3. и парови што можеби се радикализираат едни со други, но што не добиле надворешна насока.

Слично на тоа, други експерти, како Кристофер Хјуит (2003), ја дефинира терористичката група како група што се состои од најмалку четири лица, додека ако се состои од помалку се смета за операција на волк самотник. Во оваа дефиниција, двојките и тријата се сметаат како волци самотници.

Веројатно, ако две или три лица извршуваат акт на тероризам, тогаш тоа веќе не е „осамен“ чин што го извршил „неповрзан“ поединец, бидејќи имало повеќе сторители што биле барем поврзани меѓусебно. Другото прашање се однесува на насилната радикализација. Во случаи на терористи волци самотници, поединецот обично станува радикализиран во рамките на неговите или нејзините сопствени достигнувања, како, на пример, преку насилни медиумски слики, онлајн проповеди и политички сведоштва или лично почитување на терористите што претходно реализирале напади (Spaaij, 2012). Малите терористички групи (вклучувајќи двојки или трија) имаат поинаков вид динамика, при што радикализацијата се случува со конспиративна помош на другите членови на групата (Hamm, 2002).

Без оглед на тоа колку мали ќелии може да бидат двојки, трија штом две или повеќе индивидуи комуницираат едни со други со цел да извршат терористички напад, динамиката на мали групи влегува во игра (Pantucci, 2011).

Напади од волци самотници и пропаганда

Терорист волк самотник е вообичаено некој што дејствува од силно идеолошко или верско уверување, што внимателно ги планира своите постапки и успешно ги крие своите намери од другите.

Полицискиот комесар Бил Братон им изјавил на новинарите дека, во споредба со нападите на ал-Каеда, „ИСИС ќе биде многу повеќе инспирација на терористите волци самотници... Тие се многу софистицирани во своите способности преку своите видеа, преку своите социјални медиуми, преку своите списанија“ (NYPD, 2014).

Првиот напад на волк самотник во Америка, кој беше инспириран од Исламската Држава, се случи на 26 септември 2014 година, кога триесетгодишниот Алтон Нолен го уби соработникот во фабрика за преработка на храна во Оклахома. Тој претходно во затвор ја сменил својата вера, чии дигитални отпечатоци вклучуваат пропаганда на ИСИС (Schuurman et al, 2017).

Експлицитниот повик на ИСИС за поддржувачите од западните земји да извршат терористички напади од типот на „волк самотник“ во своите матични земји стана суштински дел од пропагандата на групата во текот на следните две години.

Истражувачите велат дека терористичкиот напад врз двете џамии во Нов Зеланд бил извршен од еден сторител. Но, повикувајќи се на него како на „волк самотник“ се затскрива екстремно десничарскиот терор.

Како прототип на волк самотник важи норвешкиот терорист Андрес Брејвик, кој на 22 јули 2011 година уби 77 луѓе (Berntzen, Sandberg, 2014). „Европа сè повеќе се навикнува на напади на терористи екстремисти, но делото на Брејвик од него направи најсмртоносен од сите т.н. волци самотници во историјата на континентот“ (Seierstad, 2016). „Замислата дека терористите оперираат сами ни дозволува апстрахирање на врската меѓу насилниот чин и идеолошката заднина“ (Burke, 2017). Теоријата за волци самотници ја јакне посакуваната човечка перцепција „дека одговорноста за насилен екстремизам на поединци ја сноси исклучиво поединецот.“

Терористите на модерната доба не сакаат во секој случај да припаѓаат на една терористичка група со јасен наслов како ал-Каеда или Исламската Држава или т.н. НСУ (Националсоцијалистичко подземје). Сепак, нивната радикализација се случува во општествената клима во која живеат. Интернетот и социјалните мрежи им овозможуваат на денешните терористи досега невидено вмрежување и ширење, дури и пренос во живо на својот чин на „Фејсбук“, како што беше последниот случај во 2019 година во Нов Зеланд.

Многу експерти се согласуваат дека терористите се производ на своето време. Во претходните години се етаблираше општествен тренд, како, на пример, пораст на интолеранција, распламтена од политиката со растечки знаци на популизам. Токму тој копнеж по едноставни одговори поларизира – неистомислениците се странци и непријатели. Етаблирањето на екстремизмот во општеството се зајакнува и со дигитализацијата на човечкиот живот.

Реалните врски се заменуваат со виртуелни, но и виртуелните контакти имаат реални последици. Давид Сонболи, кој на 22 јули 2016 година во трговски центар во Минхен уби девет луѓе, интензивно се движел во виртуелниот свет на мрежата на ксенофоби. Сонболи свесно за датум на нападот ја избрал петгодишнината од терористичкиот напад на Андерс Брејвик, напад што во виртуелниот свет доби пофалби од истомислениците. Дури и џихадистичките атентатори, кои во Европа извршија напади како поединци можни членови на Исламската Држава, пред атентатите имале непосредни контакти со членови на ИСИС во Сирија и Ирак.

Ако Австралиецот Терант е автор на манифестот од 74 страници, тогаш тој изрично се повикува на Андерс Брејвик и на Американецот Дилан Руф, кој во црква во Чарлстон уби девет Афроамериканци. Докажани се контактите на Брејвик и Тернат со други десничарски екстремисти, како во земјата така и во странство. На својот во меѓувреме избришан профил на „Фејсбук“, Терант ги споделувал десничарските идеи и написи за десничарски екстремизам, меѓу кои и најмалку еден текст за десничарски екстремизам меѓу војниците на Бундесверот, кои очигледно за него се браќа според дух.

Брејвик и Терант себеси се гледаат како модерни крстоносци во борба за зачувување на чистата, и веројатно загрозена бела, европска раса. Тие двајцата во муслиманите гледаат наводни „освојувачи“ што стремат кон инвазија во светот.

Концептите членство во групи и дејствувањето самостојно сè потешко може да се применат во свет каде што терористичките организации сè повеќе се организираат преку социјалните медиуми.

Ова докажува дека општествените врски играат клучна улога во текот на процесот што води од идеолошка радикализација до планирањето и подготовката на терористичките напади.

3.1. Појаснување на улогата на мотивацијата за тероризмот волк самотник

Исламофобијата, расизмот и белиот национализам се веќе одамна присутни во парламентите на западните демократии, САД, Австралија, Европа. Во таа смисла е студијата за 119 терористи („волци самотници“), која е објавена во февруари од Меѓународниот центар за терористички студии на Државниот универзитет „Пенсилванија“. Според студијата, големо мнозинство на терористи поединци, чие однесување е истражувано во неа, „редовно се движело во препознатлив и видлив спектар што вклучува однесување и активности на поширока интересна група, општествено движење или терористичка организација“ (International Center for Terrorism Studies, 2013).

Студијата доаѓа до драматичен заклучок. Кај околу две третини од испитуваните случаи, членови на семејството, пријатели или познајници се потврдува дека знаеле за одредена екстремистичка идеологија следена од

извршителите. Во 64 случаи, семејството и пријателите знаеле за намерата на поединец да учествува во некој терористички акт, зашто тоа и усно им го кажал (International Center for Terrorism Studies, 2013).

Волците самотници не се гледаат себеси како осамени волци; токму спротивното е точно. Волците самотници често се сметаат себеси за дел од херојската авангарда што се обидува да заштити поголема група луѓе. Важно е да се разбере дека осамениот волк е етикета прикачена на поединец од екстерни сили, а не од самиот актер. Може да се тврди дека тоа само по себе не ги прави гореспоменатите критериуми неважечки, бидејќи објективно индивидуата дејствувала сама, без оглед на тоа дали тој или таа верува дека припаѓа на една организација или презема дејства во име на група или не. Норвешкиот терорист Андерс Брејвик, кој во 2011 година уби седумдесет и седум лица, и „Unabomber" Тед Качински, кој убил три лица и повредил дваесет и три лица во текот на седумнаесет години, често се користат како типични примери за заканата со еден актер. И двајцата беа поединци што се покажаа способни за планирање и извршување смртоносни терористички напади (Hemmingby, Bjørgo, 2016).

Импликациите од овие наоди за спречување и нарушување на екстремизмот поставен од единствениот актер може да се илустрираат со тоа што ќе се проучуваат радикализацијата на еден актер и однесувањето пред нападот.

Во овој труд, радикализацијата на еден актер се изучува од релациска перспектива. Ова ни овозможи да ги идентификуваме различните степени и видовите „осаменост" во однос на радикалните милеа и групите во поставките за онлајн и офлајн. Нивната осаменост е, во неколку случаи, засилена со претерана смисла на самобитноста, комбинирана со презир за ефикасноста и посветеноста на причината за потенцијалните козаговорници. Некои се едноставно сами, како резултат на значајни промени во нивната социјална средина (Malthaner at all, 2017).

Слично на тоа, лондонскиот бомбардер Дејвид Коупленд, кој започна со солобомбардирање во 1999 година, во кое загинаа три лица, а 140 се повредени, можеби се обиде да формира неонацистичка терористичка ќелија пред да одлучи да нападне сам (McLagan, Lowles, 2000).

На пример, Мохамед Буери, кој го убил контроверзниот холандски режисер Тео ван Гог во 2004 година, бил централна фигура во џихадистичката „Hofstadgroup" (Schuurman et al, 2015).

Нивното актуелно или минато учество во радикалните милеа ги изложува на авторитетни личности и лидери што можат да обезбедат оправдување за употребата на насилство или да обезбедат „модели на улоги" чија вмешаност во тероризам може да ги инспирира сопствените напади на самите актери. За повеќето поединци, повредите или убивањето на други лица бараат надминување на внатрешните морални бариери за употреба на сила (Bandura, 1990). Изложеноста на екстремистички идеологии и авторитетни фигури може да игра клучна улога во овој процес и истражувањата покажале дека 78 проценти од осамените актери биле изложени на надворешни извори на охрабрување или оправдување за употреба на насилство (Schuurman et al, 2017).

Поголемиот дел од терористичките напади на Запад не се изведуваат од добро организирани меѓународни групи. Наместо тоа, терористичката закана на Западот во голема мера доаѓа од волците самотници што се поединци или мал број лица што извршуваат напад за поддршка на група, движење или идеологија без материјална помош или наредби од таква група (Simon, 2013). Овие видови напади сочинуваат 70 проценти од сите смртни случаи на Запад од 2006 до 2014 година.

Ова несовпаѓање нагласува дека терористот волк самотник опфаќа широк спектар на актери со различни мотиви, цели и цели.

Она што покажуваат податоците е дека некои земји имаат многу повисоки нивоа на терор од волци самотници од другите. Податоците, исто така, покажуваат дека нападите на терористи волци самотници во западните земји не се ексклузивно инспирирани од повикот за меѓународен џихад од страна на ал-Каеда и ИСИС (Spaaij, 2012).

Од 2006 до 2019 година, петте најголеми напади на волци самотници на Запад се случиле во четири различни земји. Најголемата категорија напади реализирани од волци самотници на Запад биле политички напади – 37, кои предизвикаа 110 смртни случаи и 135 повреди.

Првиот пример е масакрот во Соединетите Американски Држави, кога еден војник убил 13 лица во воена база во Тексас во 2009 година. Холандија, исто така, имаше кој акт на тероризам од еден напаѓач во 2009 година, кога поединец со својот автомобил се втурнал во толпата за да се обиде да го оштети автобусот во кој било холандското кралско семејство убивајќи седум, а повредени биле 12 лица.

Најголемиот политички терористички напад од волк самотник се случил во Норвешка (Borchgrevink, 2012) во 2011 година кога екстремно десничарскиот терорист Андерс Брејвик спроведе два напади во еден ден убивајќи 77 луѓе, вклучувајќи и деца што присуствуваа на младински камп воден од политичка партија (Global Terrorism Index, 2015).

Вториот најголем напад на волк самотник во САД се случи во Орландо, Флорида, на 12 јуни 2016 година, кога дваесет и деветгодишниот Омар Матејн упаднал во геј ноќен клуб, користејќи пушка и пиштол, и го извршил најсмртоносниот терористички напад од 11 септември, при што загинале четириесет и девет лица и повредил уште педесет и три лица. Пред да биде убиен во полициска престрелка, Матејн викнал на своите жртви: „Време е да се стави крај на бомбардирањето во Сирија“, а потоа ја повикал 911 да ја прогласи верноста кон Исламската Држава (Alvarez, Perez-Pena, 2016).

Последната терористичка акција е извршена од австралискиот Брентон Х. Тарант, кој е обвинет за извршување на масакрот во џамиите „Ал Нуор“ и „Линвуд“ – напад делумно емитуван во живо на „Фејсбук“. Тарант се соочува со 51 обвинение за убиство и 39 обвинениja за обид за убиство (Graham-Mc Lay, 2019).

Екстремистичките политички гледишта, исто така, беа распространети и за нападите во САД од волци самотници мотивирани од желбата да се дојде до

политичка револуција, анархизам и антивладини чувства, опозиција на противниците на хомосексуалните бракови и противење на поборниците на абортусот.

Значајни терористички напади на волци самотници извршени на Запад исто така ги вклучуваат:

- ✓ Anders Behring Breivik (Норвешка, 2011) – напад со експлозив во Осло и масакр на островот Утоја; над 70 жртви. Мотивација: екстремна десничарска, антимуслиманска и антиимигрантска идеологија; напишал долг манифест.
- ✓ Во 2012 година, во Брисел, имам на шиитска џамија бил убиен од бомба поставена од волк самотник.
- ✓ Во мај 2014 година повторно во Белгија, четири лица биле убиени во престрелка во Еврејскиот музеј во Брисел од страна на поранешен член на ИСИС.
- ✓ На 7 јануари 2016 година во Париз, човек со лажен експлозивен појас нападнал полициски безбедносни сили.
- ✓ Omar Mateen (САД, Orlando nightclub, 2016) – масакр во ноќен клуб; дејствуваше сам на самото место. Мотивација: сложена – мешавина од екстремистички симпатии и лични фактори; поврзан со радикализација преку интернет.
- ✓ На 14 јули 2016 година, терорист волк самотник возел товарен камион во толпата што го прославувала Денот на Бастилја во Ница, при што загинаа 85 лица (Global Terrorism Index, 2016).
- ✓ САД, El Paso, 2019 – масакр насочен кон имигранти/латинска популација; расноекстремистички мотив. Посебност: публикуван манифест на интернет во кој ги опишува мотивите.Brenton Tarrant (Нов Зеланд, Christchurch, 2019) – напад врз џамии; директен видеострим и манифест[5]; екстремно десничарско насилство. Посебност: користење livestream.

[5] Терминот **„манифест“** (лат. *manifestum* — јасно, отворено изразено) во контекст на тероризмот се однесува на документ, текст или видео во кое напаѓачот или група го објаснуваат своето идеолошко уверување, целите и мотивацијата за насилното дејствување. Кај „волците самотници“, манифестите имаат централна улога во процесот на само-радикализација, бидејќи служат како: идеолошки водич, оправдување за насилство, средство за ширење на омраза, и начин да се обезбеди „постхумна слава“ и медиумско влијание. **„The Great Replacement“-**Овој 74-страници долг манифест е напишан од **Брентон Тарант**, кој изврши терористички напад врз две џамии во Крајстчрч (Нова Зеландија), убивајќи 51 човек. Насловот се повикува на теоријата на заговор „Големата замена“, според која муслиманските и неевропските имигранти ќе ги „заменат“ домородните Европјани. Манифестот содржи идеолошка комбинација од расизам, антимигрантски ставови и повици на насилство, како и „патокази“ за тоа како да се изврши напад за да се постигне максимален медиумски ефект. Тарант го објавил документот онлајн непосредно пред нападот.

КАТЕГОРИЈА	СУБ-КАТЕГОРИЈА	ДЕФИНИЦИЈА
Расни и религиозни супремацисти	Антиисламизам	Цел избрана поради нивната поврзаност со исламот. Ова вклучува напади врз џамии и напади од одмазда.
	Антисемитизам	Мотивирани од предрасуда против Евреите.
	Бела супремација/ надмоќ	Мотивирани од расистички поглед на светот и може да вклучуваат идентификација со ставовите на нацистите и ККК (Кју Клукс Клан).
Индивидуални прашања	Индивидуални прашања	Нападот се должи на прашања специфични за поединецот. Ова може да вклучува желба да се привлече внимание, одредена догма или дејства поврзани со одредени заблуди што произлегуваат од влијание на дрога или ментална болест.
	Инспирирани од ал-Каеда	Под влијание на ал-Каеда, но и преземање напад без вклученост на ал-Каеда за понатамошно ширење на идеологијата.
Исламски фундаментализам	Инспирирани од ИСИС	Под влијание на ИСИС и преземање напад без вмешаност на ИСИС за да се прошири идеологијата на групата.
	Џихадизам	Инспириран од исламскиот фундаментализам за да се вклучи во насилство. Напаѓачот може да биде инспириран од одредена исламистичка група, но повеќе се фокусира на насилниот џихадизам.
	Антиамериканизам	Напад преземен за да се изрази противење на специфични надворешни политики или други активности од страна на САД и нејзините сојузници.
Политички	Контравладини	Антиавторитарни мотиви за нивниот напад вклучувајќи и отпор кон полицијата, даночната служба, поштата или други инструменти на власта. Анархистите се вклучени во оваа категорија.
	Националистички	Напаѓач инспириран од национализмот – ги вклучува и сепаратистите.
	Политички екстремизам	Акција преземена за да се промовира одредена политичка гледна точка. Ова може да вклучува ставови за имиграција, абортус, ЛГБТ права или кој било друг поглед – екстремистички по дефиниција поради насилството кое е вклучено.

Табела 1. Мотивација на напади реализирани од волци самотници

Заеднички карактеристики и мотиви

- **Идеолошка инспирација:** десничарски екстремизам, религиозен екстремизам, антидржавни/антитехнолошки позиции, расизам.
- **Онлајн радикализација:** честа улога на форуми, социјални медиуми, манифести и видеа во процесот на радикализација.
- **Психолошки фактори:** осаменост, лична изолација, ментални нарушувања или сензација на лична неправда (не значи секогаш болест).
- **Самостојно планирање:** често користат достапни средства и компромитирани знаења; подолгорочно собирање информации.
- **Симболична цел:** сакаат видливост и да предизвикаат јавна реакција; често се обидуваат да останат „во историјата“.

Многу „самотници“ не се целосно изолирани – тие може да имаат индиректна поддршка или пребегнување комуникации, материјална помош или идеолошки врвни влијанија.

Заклучок

Денес, една од најпредизвикувачките и непредвидливи форми на тероризам се насилни терористички дејства извршени од страна на поединци, честопати наречени терористи волци самотници. Еден од главните проблеми во откривање на евентуалните волци самотници е тоа што не постои конзистентен или типичен профил на волк самотник.

Меѓутоа, честата неможност на волците самотници за регрутирање или приклучување кон други лица за терористички цели не значи дека тие ја напуштаат целата општествена интеракција или дека нивната социјална средина нема да учествува во нивното наведување. Волците самотници вообичаено се радикализираат и онлајн и офлајн преку „радикалните милеа“. Преку таквата интеракција, тие развиваат слаби или придружни социјални врски со радикалните актери, дури и ако нивната интеграција и социјализација во овие милеа честопати се делумни, периферни и дисконтинуирани.

Во суштина, нападите од волк самотник претставуваат недефинирана закана за националната безбедност, бидејќи тие се навидум невозможни за предвидување или за собирање разузнавачки информации.

Тероризмот како логика не разликува религии и културни идентитети. Масовниот убиец од Нов Зеланд превиде одлучувачка работа, односно дека тероризмот може да ги дели луѓето, но и да разбуди солидарност.

Терористите волци самотници претставуваат сериозна и комплексна закана поради нивната автономија, онлајн инспирација и тешкотијата проактивно да се детектираат. Најефикасниот одговор е мултисекторски – комбинирање на превенција (заедниците и образованието), процена (службите и експертите) и одговор (правосудство и поддршка), секогаш почитувајќи ги човековите права и етичките стандарди.

ГЛАВА IV

СОВРЕМЕНИ ПРЕДИЗВИЦИ НА КИБЕРБЕЗБЕДНОСТА: ТЕРОРИЗАМ И НАПАДИ ВРЗ КРИТИЧНИ ИНФОРМАЦИСКИ МРЕЖИ

Новиот тероризам се одликува со воен карактер, екстремна бруталност, односно нов стил на дејствување, кој ќе биде поразорен и поубиствен во споредба со традиционалниот тероризам. Новите терористички организации постојано го усогласуваат своето дејствување со современите процеси, достигнување во науката и со техниката, особено со примената на комуникациските технологии и употреба на интернет за потребите на пропаганда, регрутирање, индоктринација, собирање средства и водење психолошка војна. Во економски зависен систем, новиот тероризам ги менува целите и стратегијата на сопственото дејствување. Неговата цел сè повеќе се поместува од едноставен психолошки ефект за креирање страв и несигурност кон цели за масовно разорување делови од светските економски, финансиски или технолошки мрежи (Милошевска, 2016).

Во основа, ако војувањето со информации претставува начин за војување во иднината, тогаш и иднината на тероризмот ќе биде суштински детерминирана со појавата на кибертероризмот. Терористите ги искористуваат придобивките на информатичката технологија, односно од поврзаноста на тероризмот и интернетот произлегува и една нова форма на тероризам – кибертероризмот (Бакрески, Милошевска, 2021).

Кибертероризмот е значаен потсистем на кибервојувањето, и е многу потежок за откривање и спротивставување, бидејќи е скоро неможно да се одреди политичката припадност или спонзорите на неговите извршители. Кога се зборува за поимот кибертероризам, според Федералното истражно биро – ФБИ овој феномен се дефинира како: „предумислени, политички мотивирани напади против информации, компјутерските системи, компјутерските програми и податоци што резултираат со насилство против цели кои не се воени од страна на субнационалните групи или тајни агенти“ (Hower, 2011). За разлика од кибертероризмот, кибервојувањето е насочено спрема информациите и информативните системи што даваат поддршка на цивилните и на воените структури на противникот. Тоа навлегува во сфера што е многу посуптилна од физичките напади и уништувања, односно дејствува врз протокот на информациите во мрежите и манипулира со нив (прекинува, видоизменува, додава и слично). Неговите активности се насочени првенствено кон информациите што се пресудни за функционирање на цивилните и воените системи, како и контролата на авиосообраќајот, стоковите берзи, меѓународните финансиски трансакции, логистичките потреби и цели.

Дефиницијата што ја применува и Сојузниот криминалистички завод го опишува кибертероризмот како „користење киберкапацитети за изведување овластувачки, попречувачки или разорувачки милитантни операции и за инструментализирање на стравот преку насилство или закана со насилство, за да се предизвика политичка промена.“

За Мишевски, кибертероризмот е и насилен акт извршен со користење интернет, преку кражба на доверливи и лични податоци со цел тие да бидат искористени за заплашување или принуда/присила поради остварување одредени политички или општествени цели. Како акт на кибертероризам се сметаат и активностите преку кои намерно се уништуваат голем број компјутерски мрежи, како и персонални компјутери поврзани на интернет, преку користење алатки/програми како компјутерски вируси. Односно, кибертероризмот уште може да се дефинира и како меѓународно користење компјутер, мрежа или јавен интернет за да се предизвика уништување или штета на персонални компјутери (Мишевски, 2017).

Според Петровиќ, кибертероризмот е конвергенцијата помеѓу киберпросторот и терористичките активности, на пример, политички мотивирано хакирање, кое има за цел да предизвика сериозна штета како загуба на човечки животи и/или сериозни економски последици. Основните карактеристики на хакирањето се: насилен планиран пристап, бидејќи станува збор за пробивање на заштитата на системот; неовластеното навлегување („упад“) во системот, кое се базира на високо професионално знаење; местото на „упадот“ е по правило оддалечено од местото каде што се наоѓа напаѓачот; при самото хакирање, напаѓачот истовремено врши и други дела: измами, кражба на идентитет, саботажа, дистрибуција на вируси и сл.; неовластени навлегувања можат да вршат поединци или групи, физички или правни лица (Петровиќ, 2007).

Во елаборацијата на Волкер стои дека кибертероризмот е политички мотивирано користење компјутери и информатичка технологија за да се предизвика поголема штета или општ страв во општеството. Кибертероризам воедно претставува насилен акт извршен со користење интернет, а кој резултира (или се заканува) со смрт или сериозни телесни повреди со цел преку заплашување да се остварат одредени политички цели.

Нападот на самонаречениот „киберкалифат“ врз француската телевизија „TV5 Monde“ претставува вовед во ново ниво на кибертероризмот. Акцијата во секој случај беше кибернапад кога истовремено беше прекината програмата на сите 11 канали на таа телевизија и беше преземена контролата врз профилите на „Фејсбук“ и „Твитер“, со импликации за техниката за производство на телевизиска програма. Со часови по нападот телевизијата можеше да емитува само претходно подготвени прилози (Lichfield, 2015). Инцидентот не дојде ненадејно. Сојузниот криминалистички завод уште во 2014 година во една интерна анализа предупреди на терористичките закани од киберпросторот. И

европската полициска агенција Европол во една анализа на ризиците во септември 2014 година укажа на опасностите од кибертероризмот.

Кибертероризмот претставува една од главните глобални закани на современата безбедност. Системи за заштита од ваков вид напади поседуваат меѓународните организации како НАТО и ЕУ и развиените држави како што се САД, Кина, Русија, Велика Британија и други. НАТО е единствената организација што на систематски и стручен начин се занимава со заштита од овој вид тероризам и поседува развиен систем на киберодбрана. За да останат во тек со рапидно променливите облици на закана и за да одржат силен ниво на киберодбрана, НАТО усвои нова и напредна политика и акциски план што го поддржаа сојузниците на Самитот во Велс во септември 2014 година. НАТО силите за одговор на компјутерски инциденти (The NATO Computer Incident Response Capability (NCIRC) ја штитат сопствената мрежа нудејќи 24-часовна поддршка во киберодбраната на разни сајтови на НАТО. НАТО Кооперативниот центар за киберодбрана (The NATO Cooperative Cyber Defence Centre of Excellence (CCD CoE)) во Талин во Естонија е најистакната од страна на НАТО акредитирана институција за истражување и обука, која се занимава со образование, консултации, размена на лекции и развој во врска со киберодбраната (Калач, 2017). Целокупниот овој систем е токму фокусиран и лоциран во Естонија, кога во април 2007 година, се извршени напади врз информациско-комуникациските системи на естонскиот Парламент, во банките, во владата, во медиумите, всушност, во сите значајни државни институции при што предизвикале дестабилизација на државната безбедност, кои од страна на мноштво експерти беа карактеризирани како класичен пример за кибертероризам. Ваквиот вид напад сепак не претставува напад со огромни последици и загуби, голема материјална штета или човечки жртви, но тоа беше првиот напад од такви размери за да се блокираат сите витални институции на државата, со што целиот систем и државата одат во насока на колапс. Многу пострашен исход би имал нападот што би се состоел од навлегување во естонските компјутери и бази на податоци на здравствени или на криминални евиденции, исчезнување на банкарски сметки и сл. (Lewis, 2007)

Кога се зборува конкретно за кибертерористички напади, веднаш се знае дека тие се насочени кон информациско-комуникациските системи, односно нападот е извршен со помош на нив, а се насочени кон критичните инфраструктури. Кибертеристот како цели за напад може да ги земе информациските системи и мрежи на болници, банки, влада, авиокомпании, поединци, и сл., при што ќе се бараат слабости и ранливости во тие системи, со цел да ги нападнат и уништат.

4.1 Ранливост на критичната инфраструктура од терористички напади преку интернет

Истражувањата покажуваат дека терористичките организации гледаат на напади против критична инфраструктура преку интернет како најпосакуван модус операнди. Група владини експерти за развој во областа на информациите и телекомуникациите во контекст на меѓународната безбедност во извештајот од јули 2015 година констатирале дека употребата на информациите и телекомуникациите за терористички цели, регрутирање, финансирање, обука и поттикнување, вклучувајќи и за терористички напади против информациска критична инфраструктура или инфраструктура зависна од компјутерската технологија може да ги загрози меѓународниот мир и безбедност (Report, 2015).

Следните констатации се неколку клучни заклучоци донесени од водечки истражувачки институции во врска со ранливоста на критичната инфраструктура од терористички напади извршени преку интернет:

- Критичката инфраструктура е ранлива на сите видови напади и сè повеќе напади се извршени преку интернет и сé повеќе е јасно дека ништо на интернет не е безбедно. (World Economic Forum, 2016).
- ИСИЛ веројатно нема да може да изврши спектакуларни напади преку интернет, како што е таргетирање критична инфраструктура, сепак, активно се обидува да регрутира лица способни за извршување напади преку интернет и најверојатно ќе може да го стори тоа. (STRATFOR, 2015).
- Постои зголемена загриженост дека терористичките групи евентуално можат да развијат капацитети за користење интернет и поширок интернет-простор за да спроведат деструктивни напади против критичната инфраструктура, со потенцијал да предизвикаат значителна штета. (ICT4PEACE Foundation, 2016).
- Капацитетот за извршување напади преку интернет не мора да доаѓа од ИСИЛ. Достапноста на алатки и услуги на компјутерскиот криминал на подземните криминални пазари веројатно ќе им овозможи на ИСИЛ и на други терористички организации уште повеќе да ги зајакнат постојните способности. ИСИЛ се обидува да регрутира квалификувани лица способни да реализираат сложени напади преку интернет, Растот на црните пазари на ИКТ им отвора простор на „хакерите за изнајмување“ (STRATFOR, 2015).
- Очекуваниот раст на милијарди уреди преку интернет (индустриски „интернет на нештата“) ќе донесе значителни безбедносни предизвици, вклучувајќи и употреба на IoT од страна на терористите за извршување напади против критична инфраструктура (World Economic Forum, 2016).
- Cloud computing и криптирање ја зголемуваат комплексноста на предизвикот (Council of Europe, 2016).

Имајќи ја предвид ранливоста, заштитата на критичната инфраструктура од напади преку интернет општо вклучува потенцијални терористички напади што во моментот се соочуваат со комплексни предизвици. Глобална агенда за компјутерска безбедност е насочена кон:

